ЗАЕДНИЧКИ ПОДГОТОВКИ НА ПОЛИГОНОТ „КРИВОЛАК“ | „БЛИЦКРИГ“ | АВТОМАТСКА ПУШКА „HK416“ | „AGUSTAWESTLAND AW169“

# ШТИТ

Број 139
Мај 2021

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска
и амбасадорката на САД Кејт Брнз
во посета на армискиот полигон „Криволак“

## Во пресрет на вежбата „ОДЛУЧЕН УДАР-21“











# Нови гортекс униформи за припа

Припадниците на Армијата, покрај новата теренска униформа набавена минатата година, во својата лична опрема ќе добијат нова гортекс униформа, донација од нашиот долгогодишен поддржувач и сојузник во НАТО Алијансата, Република Турција. На 21 април во касарната „Илинден“ се одржа примопредавање на 7.400 комплети гортекс униформи, во присуство на турскиот амбасадор, Хасан Мехмет Секизкок и министерката за одбрана Радмила Шекеринска. На примопредавањето на унифирмите, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, порача дека со оваа опрема се овозможува припадниците на Армијата да можат да изведуваат вежбовни активности и операции во секакви временски услови. „На овој настан мислам дека најсоодветно одговара реченицата дека ако самиот си сработиш и пријателите подобро ќе ти помогнат. Во изминатиов период ставивме фокус на решавање на проблемот кој долги години ја мачеше македонската армија, а тоа беше проблемот со лична опрема, со униформи со лично обезбедување. Во изминативе три години, сите проблеми што се однесуваат на целосното обезбедување на ваква опрема ги решивме. Обезбедивме нови униформи, обезбедивме нови чизми, во претходните денови веќе е завршена набавката на втор сет, втора нова борбена униформа за сите припадници, ја завршуваме свечената униформа за припадниците на Армијата, меѓутоа, исто така, обезбедивме нова АБХО-опрема, спортска опрема за сите припадници и листата



# дниците на Армијата

навистина оди понатаму. Со денешнава донација, практично на секој припадник на нашата армија му обезбедуваме целосна опременост и можеме гордо да кажеме дека македонската армија е опремена армија“, рече министерката.

Заблагодарувајќи се за постојаната турска поддршка, министерката порача дека ова е само мал дел од поддршката што изминативе години Република Турција ѝ ја дава на Република Северна Македонија. Амбасадорот на Турција во земјава, Секизкок, порача дека зачленувањето на земјава пред една година во НАТО, членство кое долги години го заслужуваше, ќе овозможи уште помоќно вкоренување на заедничките вредности на Алијансата на Балканскиот регион и соработката на нашите земји, која се базира на сигурни темели, ќе продолжи да се развива во сите области и во наредниот период. Амбасадорот Секизкок додаде дека Турција ќе продолжи да дава секаков вид поддршка при модернизацијата на Армијата на Република Северна Македонија.





# содржина

ШТИТ ■ година XIII ■ број 139 ■ мај 2021


Инфо 5

НАТО активности
**Тактички команди на здружените сили на НАТО** 6

НАТО активности
**Влијанието на КОВИД-19 врз трошоците во одбраната на сојузниците** 8

Мировни мисии
**Под знамето на ОН Мировните мисии, нивното финансирање и пандемијата на COVID-19** 11

Обуки
**„Заштита од вознемирување на работно место и разрешување конфликти“** 18

Едукација
**Сеизмичка отпорност на инфраструктурните објекти во Република Северна Македонија** 20

Едукација
**„Блицкриг“ – доктрина изградена од научени лекции** 24

Вооружување
**„Grumman F4F Wildcat”** 28

Вооружување
**Автоматска пушка „HK416“** 32

Вооружување
**„AgustaWestland AW169“** 34

Вооружување
**Калтроп** 40

Глобал
**Берлинскиот ѕид - обелискот на источногерманската политика** 43

Родова рамноправност
**Жените со попреченост и нивните права: инклузивна револуција„Грејхаунд“** 48

# Во пресрет на вежбата „Одлучен удар-21“

Во текот на изминатите години Република Северна Македонија, стремејќи се кон колективното членство, многупати докажала дека има потенцијал да ги исполнува сите определени цели и императиви за зачленувањето во Алијансата. Меѓу многуте активности кои нашите припадници беспрекорно ги извршуваа изминатиов период, секако е и учеството на повеќе мултинационални, регионални и национални вежби од различен карактер. Години наназад, на армискиот полигон „Криволак“ бевме домаќини на големи и мали воени вежби, кои секогаш завршуваа успешно и со високи оценки за покажаното.
Оваа година, веќе како членка на НАТО, добивме можност, но и голема одговорност да се претставиме во светот како домаќини на една од најголемите мултинационални вежби, најголема која ќе се одржи во нашата земја на армискиот полигон „Криволак“. За „Криволак“ и неговите перформанси, историја и активностите кои се одвивале таму сме пишувале многупати досега. Овојпат ќе нагласиме дека за прв пат се преземаат радикални и суштински активности за да се подобрат сите капацитети и инфраструктурата на овој голем армиски полигон, што ќе биде и голема придобивка за сојузниците и за Алијансата во целост.
Во пресрет на вежбата „Одлучен удар-21“, армискиот полигон „Криволак“ повеќе пати го посетија високи претставници на политичкиот и воениот врв, како и претставници на НАТО и на дипломатскиот кор во земјава. На почетокот на април, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и заменикот-началник на Генералштабот Азим Нуредин, заедно со одбранбеното аташе на САД, полковник Пит Рауел, направија обиколка на армискиот полигон „Криволак“ и присуствуваа на почетокот на заедничката работа на припадниците на инженериските единици на Армиите на Северна Македонија и САД, кои започнаа со подготовки на теренот на полигонот за меѓународната вежба „Одлучен удар-21“.
Сто и деведесет припадници на 15. инженериски баталјон на САД, со 200 инженериски машини, возила и опрема пристигнаа на „Криволак“ и заедно со 120 инженерци на Армијата на Северна Македонија, започнаа да работат на патната инфраструктура на полигонот, односно на изградба на полигон со подвижни цели за оклопни возила и полетувачко-слетувачка патека за беспилотни летала, а ќе биде подигнат и магацин за складирање на цели.
Претходно, нашите инженериски единици самостојно пробија 33 километри нови патишта за подобро поврзување и проодност на полигонот, а заедно со американските инженерци продолжија со работа на патната инфраструктура, на обнова и на зголемување на капацитетот на набљудувачницата „Цидимирци“ и пробивање на пат до северниот влез во полигонот.
Кон крајот на април, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во придружба на американската амбасадорка Кејт Брнз повторно го посети армискиот полигон „Криволак“ каде се одвиваат финалните активности преземени од припадниците на Инженерискиот баталјон на Армијата на Република Северна Македонија и 15. инженериски баталјон на вооружените сили на САД, кои заеднички работеа на изградбата на повеќе нови содржини и на развој на патната инфраструктура на полигонот.
Меѓународната вежба „Одлучен удар 21“ на „Криволак“ ќе започне на 17 мај и ќе трае до 2 јуни, со учество на припадници на армиите од Република Северна Македонија, САД, Бугарија и Грција.
Во пресрет на најголемата воена вежба која досега се реализирала во Република Северна Македонија, нашата земја уште еднаш покажа дека за земјата и за Армијата не постојат предизвици кои не ги совладале и дека се целосно подготвени да ги дочекаат и да им овозможат успешни вежбовни активности на сите учесници на големата вежба „Одлучен удар-21“.

д-р Жанет Ристоска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**м-р Иван Атанасоски,полковник**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува еднаш во месецот на web-страницата на Министерството за одбрана www.mod.gov.mk

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Заеднички подготовки на полигонот „Криволак“

На армискиот полигон „Криволак“ од 17 мај ќе започне најголемата мултинационална воена вежба која се одржала во Република Северна Македонија. Со заеднички сили, припадниците на Инженерискиот баталјон на Армијата на Република Северна Македонија и на 15. инженериски баталјон на вооружените сили на САД ги приврshуваат сите неопходни поправки и изградба на потребната инфраструктура за непречено одвивање на вежбовните активности на полигонот.
Во пресрет на вежбата „Одлучен удар 21“, кон крајот на април, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и американската амбасадорка Кејт Брнз ги посетија припадниците на Инженерискиот баталјон на Армијата на Република Северна Македонија и 15. инженериски баталјон на вооружените сили на САД кои заеднички работат на изградба на повеќе нови содржини и на развој на патната инфраструктура на полигонот „Криволак“. Министерката Шекеринска, при посетата порача дека, исто како што пред неколку години покажавме амбициозност за брзо зачленување во НАТО и видовме резултат, таква амбициозност покажуваме и за развојот на овој наш најголем воен полигон.
Таа додаде и дека, кога самите инвестирате во сопствените капацитети, и сојузниците на подобар начин ви помагаат и ви се придружуваат.
„Нашиот полигон ’Криволак’ е претворен во вистинско градилиште. Од ’Криволак’ создаваме полигон кој нема да има само македонска и регионална вредност, туку ќе биде вредност и шанса за Алијансата. Сето тоа ќе беше невозможно без нашите планови, нашата армија, но се разбира и без поддршката на нашите сојузници. Денеска сиве овие конструкции кои




можете да ги видите се резултат на сојузничката работа, на македонските војници и офицери и на американските инженерци. Сакам да им се заблагодарам на САД, но и на 15. инженериски баталјон на вооружените сили на САД, затоа што заедно со нас развиваат заеднички капацитет“, рече министерката.
На „Криволак“ во моментов во завршна фаза на изградба е полетувачко-слетувачката патека за беспилотни летала, магацин за складирање на цели, две стрелишта за оклопни транспортери, едното со неподвижни, другото со подвижни цели, како и поправка и изградба на нова патна инфраструктура во вкупна должина од 62 километри.
Министерката Шекеринска порача дека овие капацитети се наменети и за вежбата ова лето, но и за сите извежбувања во иднина. „Сиве овие капацитети претставуваат капацитети што се градат за вежбата оваа година, но ќе бидат ресурси и за секоја следна вежба. Во моментиве додека дискутираме за развојот на ’Криволак’ размислуваме не само за вежбата оваа или следната година, туку навистина размислуваме и дејствуваме долгорочно. Целта ни е овој ресурс да биде ресурс со којшто нашето членство во НАТО ќе покаже многу видливи резултати за сите сојузници и ќе донесе шанса и за локалната економија, ќе донесе шанса и за зголемување и засилување на нашиот имиџ како најнова членка на Алијансата“, додаде министерката.
Амбасадорката на САД, Брнз, истакна дека е импресионирана од огромниот напредок кој го постигнаа инженерците од армиите на двете земји и воедно изрази благодарност до министерката Шекеринска за нејзините заложби за развој на овој полигон, не само како капацитет на Армијата, туку и на Алијансата.



# Тактички команди на здружените сили на НАТО

## Здружена воздушна команда – Allied Air Command/AIRCOM

На тактичко ниво постојат три команди како посебен вид на вооружените сили: воздушна, копнена и поморска команда. Обезбедуваат експертиза и поддршка на здружените сили на командите на оперативно ниво во Брунсум и Неапол. Тие го известуваат директно Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа и се под команда на врховниот командант на Сојузничките сили во Европа (Supreme Allied Commander Europe – SACEUR)



Здружената воздушна команда е лоцирана во Рамштајн, Германија (HQ AIRCOM). Таа е централна команда на сите воздушни и вселенски сили на НАТО, а командантот на Сојузничката воздушна команда е главниот советник за воздух и вселена на Алијансата. Нејзината улога е планирање и реализација на операции и мисии на Алијансата од областа на воздушна и ракетна одбрана. Во декември 2019 година, шефовите на држави и влади на НАТО ја прогласија вселената како „петти домен“ на операциите на Алијансата, заедно со копнениот, морскиот, воздушниот и сајбер-доменот. За време на состанокот во октомври 2020 година беше создаден и Вселенски центар во Сојузничката воздушна команда на НАТО во Рамштајн. Оваа команда првично е основана во 1974 година како Сојузнички воздушни сили на Централна Европа (AAFCE). Во раните 1990-ти, по релаксирањето на тензиите меѓу Истокот и Западот, преземена е голема реорганизација на структурата за командување и контрола на НАТО. На 1 јули 1993 година седиштето официјално е преименувано во AIRCENT. Од 1 март 2010 година, Командата била преименувана во Сојузничка воздушна команда Рамштајн, а од 1 јануари 2013 година, по деактивирање на Сојузничката воздушна команда од Измир, Командата е преименувана во Сојузничка воздушна команда (Allied Air Command – AIRCOM). Командантот на Сојузничката воздушна команда во Рамштајн, воедно е директор на Здружениот компетентен центар за

воздухопловство во Калкар, Германија. Тој е одговорен пред врховниот сојузнички командант за Европа за воздушна и ракетна одбрана на земјите членки на НАТО за време на мировните операции. Неговата команда обезбедува зачувување на територијалниот интегритет на Алијансата од Северна Норвешка до Јужна Италија и од Азорските Острови до Источна Турција, вклучително и на секоја европска нација во НАТО. Во случај на заедничка операција на НАТО, тој е одговорен командант на воздушната компонента. Генералот, исто така, е командант на воздушните сили на САД во Европа и на воздушните сили на САД во Африка. За да ја зголеми својата способност, оваа команда има дополнителни елементи на располагање за воздушна команда и контрола, и тоа: два комбинирани центри за воздухопловни операции во Шпанија и во Германија, како и еден центар за распоредлива воздушна команда и контрола во Италија.

Комбинираните центри за воздухопловни операции во Шпанија и во Германија се состојат од два дела. Еден дел е центарот за статична одбрана кој е одговорен за контрола на небото (Air Policing). Другиот дел е распоредлив воздухопловен центар кој ги поддржува операциите, односно е фокусиран на изработка на борбените планови и на извршување на борбените операции.

Воздушното патролирање на НАТО е мировна колективна мисија за одбрана, со цел заштита на интегритетот на воздушниот простор на земјите членки на Алијансата и вклучува континуирано присуство на авиони во улога на борбени пресретнувачи (24 часови на ден, 365 дена во годината). Мисијата се спроведува во рамките на Интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана на НАТО, овозможувајќи му на НАТО справување со сите видови воздушни операции на европска територија и надвор од неа при распоредување на силите. Авионите на НАТО реагираат на ненајавени воени летови, како и на цивилни авиони кои губат комуникација со контролорите на летање од која било причина, што може да варира од технички проблеми до киднапирање. Во текот на 2020 година, воздушните сили на НАТО биле активирани повеќе од 400 пати за да пресретнат непознати воздухоплови што се приближуваат до воздушниот простор на Алијансата. Речиси 90 проценти од овие мисии биле одговор на летови на руските воени авиони, што претставува умерено зголемување во споредба со 2019 година. Воздушното патролирање на НАТО и тревогата за воздушна закана се состојат од неколку фази. Сојузничките радари, доколку регистрираат дека одреден воздухоплов



не го користи својот транспондер и не е во радиоконтакт со цивилната контрола на летање или не поднел план за лет, за состојбата се известува во еден од двата комбинирани центри за воздушни операции на НАТО. Командантот на соодветниот центар одлучува дали ќе ги активира авионите за пресретнување, со цел визуелно идентификување на авионот. Доколку им се даде задача, тие полетуваат за неколку минути, насочувајќи се кон неидентификуваниот авион. Авионите за пресретнување се приближуваат кон пресретнатиот авион за да воспостават визуелен контакт со главниот пилот на пресретнатиот авион. Доколку е потребно, авионите можат да го придружуваат пресретнатото летало до блискиот аеродром за да слета или да излезе од воздушниот простор на НАТО.

НАТО интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана, е прв пример на она што во поново време се нарекува „паметна одбрана“, односно мултинационална соработка, со цел да се обезбеди 24/7/365 заштита и поддршка во воздушниот простор. Авионите на НАТО дежураат без прекин како сили за брз одговор. НАТО работи на Балтикот за Естонија, Латвија и Литванија. Обезбедува покритие за сојузниците од Балканот кои немаат свои борбени авиони, во Албанија, Словенија, Црна Гора и Северна Македонија. Сојузниците, исто така, даваат поддршка за патролирање во воздушниот простор на Романија, Бугарија и Исланд. Воздушниот простор над Европа дневно мониторира просечно околу 30.000 движења на воздухот, што го прави еден од најпрометните воздушни простори во светот. Системот за воздушна и ракетна одбрана ќе овозможи целосна интеграција на средствата за воздушно патролирање, како и одбрана од балистички проектили.

Ширењето на балистички ракети претставува зголемена закана за сојузничкото население, територијата и распоредените сили. Многу земји имаат балистички ракети или се обидуваат да ги развијат или да ги набават. Опремена со оружје за масовно уништување – нуклеарна, биолошка или хемиска боева глава, балистичката ракета е една од најопасните закани за Алијансата, како од политичка така и од воена перспектива. Во 2010 година сојузниците одлучија да ја развијат балистичката ракетна одбрана на НАТО како чисто одбранбена долгорочна инвестиција за решавање на долгорочна безбедносна закана. Способноста на балистичката ракетна одбрана на НАТО е систем на сензори, проектили и објекти за команда и контрола. Овој систем користи мрежни сензори и пресретнувачки ракети кои обезбедуваат одбрана на област под закана. Сензорите ја пресметуваат траекторијата на ракетата со закана и ја проценуваат заканата. Системите обезбедуваат вредни информации за најдобрата опција за успешно пресретнување. Во исто време, сензорите даваат предупредувања на националните власти за предвидените области на удар. Турција е домаќин на радарски систем обезбеден од САД, додека Романија е домаќин на систем за лансирање ракети што овозможува покривање на големи области. Шпанија располага со бродови опремени за пресретнување на балистички ракети.

За време на Самитот на НАТО во Варшава во 2016 година, сојузниците ја прогласија иницијалната оперативна способност на овој систем, што нуди можност за одбрана на населението, на територијата и на силите на Алијансата преку јужната граница на НАТО, против потенцијален напад со балистички ракети надвор од Евроатлантската област.

Драган Павловски



# Влијанието на КОВИД-19 врз трошоците во одбраната на сојузниците

Засилените мерки за заштита од неконтролираното ширење на КОВИД-19, прекинот на сувоземните, поморските и воздушните комуникации во различен степен влијаеше врз растот на економиите и на БДП на земјите членки на Алијансата. Повеќето земји ги коригираа првичните проекции за очекуваниот нагорен раст на економијата во согласност со новонастанатите предизвици со пандемијата и рестриктивните мерки кои ги воведоа во борба против истата. Ваквите корекции влијаеја и на намалување на проектираниот раст на БДП на сојузниците. Корекциите во економскиот раст и во БДП предизвикаа и ребаланси на централните буџети на земјите членки на Алијансата, со цел да се обезбедат дополнителни буџетски средства за борбата против

Сите земји во светот, вклучувајќи ги и членките на најмоќната воено-политичка алијанса, НАТО, се соочија со предизвиците поврзани со справување со пандемијата од КОВИД-19. Импликациите предизвикани од КОВИД-19 имаа влијание врз проектираниот раст на економиите и на БДП, речиси за секоја земја членка на Алијансата







КОВИД-19. Во пресрет на пандемијата со КОВИД-19, во март 2020 година генералниот секретар на НАТО, Столтенберг, беше доста резервиран во однос на импликациите кои ќе ги има КОВИД-19 врз економиите, врз проектираниот раст на БДП и на трошоците за одбрана на земјите членки на Алијансата. Тој јасно упати порака дека  сојузниците доброволно се согласиле да инвестираат повеќе во одбраната, а тоа го сториле со цел да се живее во посигурен и побезбеден свет. За Столтенберг  поважно од кога било е да се биде заедно, да се работи заедно и да се поддржуваат земјите едни со други.

Проекциите за економскиот раст, вклучувајќи ги и оние поврзани со трошоците за одбрана, директно се поврзани со процените колку долго ќе трае кризата со пандемијата, а со тоа и рецесијата во економиите. Предвидувањата одат во два различни правци (песимистички и помалку песимистички). Според песимистичкото предвидување, доколку кризата трае подолг временски период и бројот на заразени се зголемува во голем број, тогаш земјите можат да се одлучат повторно да воведат рестриктивни мерки (социјална дистанца и поголемо ефикасност во тестирањето, следење и изолација). Таквите мерки повторно ќе влијаат на намалување на економскиот раст и на растот на БДП на државите. Во ваков случај закрепнувањето ќе биде значително послабо, со голем потрес на финансискиот пазар и со широко распространет банкрот на земјите од групата нови пазари и економии во развој. Помалку песимистичките предвидувања се дека пандемијата ќе се шири со забавено темпо и бројот на заразени ќе биде помал, со што економскиот раст би можел да започне веднаш по олабавувањето на мерките за контрола на КОВИД-19. За да се реализира ова предвидување потребни се и соодветни фискални и монетарни политики на државите за помош на економијата, со цел да се врати довербата на потрошувачите и на инвеститорите (World Bank, 2020, стр.79-80).

Во зависност од предвидувањата ќе зависи и консолидирањето на економиите, а тоа ќе се одрази и врз растот, односно врз намалувањето на трошоците во одбраната.

Искуствата од финансиките кризи во минатото упатуваат дека за очекување е севкупните фискални импликации и ефекти од КОВИД-19 да се манифестираат врз политиката на трошење на владите во годините после 2020 година. Оттука произлегува и посветеноста нивото на трошоци во одбраната да достигне 2%, што најверојатно ќе остане, додека реалните средства со кои ќе располагаат државите ќе се проектираат во согласност со коригираниот БДП и намалениот економски раст. Тоа значи дека во наредните години ќе има помалку пари во реална вредност, со што трошоците во одбраната на европските сојузници на НАТО ќе бараат поголема ефикасност и ефективност.

Споредбено со големата финансиска криза од 2008 година која резултираше со намалување на БДП во 2009 година, а најголемите редукции во трошоците во одбраната се случија во 2012 и 2013 година, логично е да се очекуваат слични импликации во годините после завршувањето на Пандемијата. Во случајот со економската криза од 2008 година, намалувањето на трошоците во одбраната кај европските сојузници беше во просек од 1,45% до 1.69% од БДП во периодот од 2009 до 2013 година. Во периодот потоа започна постепен раст на трошоците во одбраната и истите го достигнуваат нивото во просек од 1,5% од БДП во 2018 година. Тоа значи дека после тригодишна стагнација и намалување следеле три години на закрепнување и зголемување на трошоците во одбраната. Значајно е да се одбележи дека година дена пред да се случи намалувањето на трошоците во одбраната, односно во 2011 година, тие го достигнаа рекордното ниво од 1.55 трилиони US$ на глобално ниво. Беа потребни пет години за трошењето во одбраната да се врати на ниво од 1.56 трилиони US$ во 2016 година. Во секој случај, може јасно да се констатира дека закрепнувањето на трошоците во одбраната од претходната еконономска криза траеше шест години, меѓутоа не се знае колку време ќе трае закрепнувањето на трошоците во одбраната после пандемијата со КОВИД-19. Едно е јасно, дека НАТО и европските сојузници на Алијансата немаат толку време на располагање за да ги ревитализираат трошоците во одбраната и мора да дејствуваат што поскоро. Фактите говорат, а искуството нѐ учи дека кратењето на трошоците во одбраната нема да придонесе за зголемување на отпорноста кон заканите по безбедноста на европските сојузници на НАТО туку напротив, редукцијата на трошоците во одбраната силно ќе се одрази врз реализацијата на плановите за опремување и модернизација на вооружените сили на земјите членки на Алијансата, а тоа може да ја доведе под знак прашање готовноста на силите и способноста на Алијансата за брз одговор на заканите. Ова е исклучителен предизвик со кој се соочуваат речиси сите земји членки

на Алијансата, посебно во делот на имплементација на барањата од целите на способности. Ова е горливо прашање за секоја членка на Алијансата и сите бараат начин како тоа најбезболно да го решат и соодветно да одговорат на предизвиците од КОВИД 19, имајќи ги предвид актуелните кратења на трошоците во одбраната.
Настаните кои се случија на политичката сцена во последната деценија, а се тесно поврзани со брзорастечките и непредвидливи закани по безбедноста во Европа, ревизионистичката политика на Русија и анексијата на Крим, заканата од тероризам, негативните ефекти од климатските промени, засилените непријателски активности во сајбер-просторот, засилената миграција и сѐ поактивната улога на Кина, се доволни показатели за Европа да преземе посеопфатни мерки за да ја зајакне својата улога на меѓународната сцена. Справувањето со актуелните предизвици е аргумент плус за европските сојузници на НАТО во борбата за континуитет на растот на трошоците во одбраната. Тоа значи дека никој не може да си го дозволи луксузот од 5 до 6 години за закрепнување, како што беше ситуацијата со рецесијата од 2008/2009 година. Од друга страна, доколку би дошло до драстично кратење на трошоците во одбраната, тогаш тоа силно би влијаело врз безбедноста на европско тло и пошироко. Стравувањето од ваквото сценарио е оправдано затоа што ефектите од пандемијата го прават светот уште понесигурен, понестабилен и меѓусебно зависен, и истите силно би влијаеле врз безбедноста, стабилноста, демократските вредности и интереси на европските сојузници на НАТО. Стравувањата се дека политиките на намалување на трошоците во одбраната на земјите членки на Алијансата, не само што ќе ја зголемат зависноста на Европа од прекуатлантските членки, туку значително ќе го наруши и принципот на споделување на товарот и европските сојузници може да ги направи зависни од „трети држави“ што, пак, значително ќе го попречи кредибилитетот на европските нации како воени партнери во рамките на НАТО. Во конкретниов случај, позитивната димензија на пандемијата е тоа што покажа дека не треба секогаш да се гледа само на воената димензија на трошоците во одбраната, туку потребно е да се земе предвид и цивилната димензија. Тоа е силен аргумент во борбата за закрепнување на растот на тошоците во одбраната. Една од препораките на Самитот на Алијансата од Варшава 2016 година е потребата од изградба на „отпорност“ на целокупното општество на заканите. Тоа бара и „сеопфатен пристап на владата“ (Whole of Government Approach) во справувањето со кризините и вонредните ситуации. Во случајот со пандемијата, капацитетите и способностите на вооружените сили се користеа за достава на медицински материјали, транспорт на пациенти, поддршка на цивилните власти во обезбедување на болнички капацитети преку адаптација на воените објекти за привремено згрижување на заразените и слично. Во конкретната ситуација, воените сили се распоредуваа на терен за да помогнат онаму каде што се најпотребни, каде цивилните власти немаа доволно капацитети во справувањето со здравствената криза. Војниците, покрај употребата на оружјето, сега знаат како да се справат и со пандемијата, и на тој начин придонесуваат во одбраната и одвраќањето. Овие аргументи треба да се земат предвид при дискусиите за кратење на трошоците во одбраната. Предлозите на експертите и економистите се дел од потребните средства да се обезбедат преку ограничување или намалување на трошоците во одбраната, но тоа од друга страна ја намалува отпорноста на државите на подолг рок и ги прави ранливи и во однос на другите извори на загрозување. Реперкусиите од данокот кој пандемијата го зема во однос на економскиот раст, во различен степен влијаат и врз политиката на Алијансата за континуирано зголемување на трошоците во одбраната. Имено, според заклучоците од самитот во Велс, членките се обврзаа да го достигнат нивото на трошоци во одбраната од 2% од БДП до 2024 година. Од податоците може јасно да се забележи дека до прогласувањето на пандемијата, со одредени исклучоци, постоеше нагорен тренд во инвестирањето во трошоците во одбраната. Тоа ја сигнализира посветеноста на членките на НАТО за зајакнување и порамномерно распределување на нивните придонеси за заедничката одбрана. Најголемиот удар во трошоците во одбраната се очекува да се појави после 2023 година, кога би можеле да се најават и корекции во методологијата за споделување на товарот меѓу сојузниците. Тоа, во најмал рака, би значело и политика на различност во процентуалното издвојување на трошоците за одбрана од БДП. За економски помоќните земји да има помал процент, а за економски послабите повисок процент од БДП. Како со сигурност ќе се одвиваат работите и како ќе се развиваат дискусиите меѓу експертската јавност внатре во самата Алијанса, никој со сигурност не може да каже. Без разлика кое сценарио ќе надвладее, пандемијата со сигурност ќе остави свој печат врз политиката на трошоците во одбраната на членките на Алијансата. Експертите се согласни дека трошоците во одбраната треба да го задржат нагорниот тренд на пораст, не само како процент од БДП туку и во реални средства. Тоа е потребно не само заради справувањето со современите, брзорастечки и непредвидливи закани по безбедноста на граѓаните, туку и за економско закрепнување на сојузниците во годините после пандемијата.



д-р Игор Ѓорески



# Под знамето на ОН

## Мировните мисии, нивното финансирање и пандемијата на COVID-19

Минатата година, по прогласувањето на пандемијата од COVID-19, многу земји членки на Организацијата на ОН искажале потреба да ги насочат своите средства за финансирање на развој на глобалното здравје, а не на миротворството, имајќи го предвид фактот дека пандемијата на вирусот негативно влијае на ресурсите на земјите членки. Речиси во исто време, во процесот на изготвување на предлог-буџетот за финансирање на мировните мисии, генералниот секретар на ОН, Антонио Гутерес, изрази потреба финансирањето на операциите да се задржи на исто ниво и, доколку е можно, истото да се зголеми. Ја нагласи и потребата „да се поддржат сите меѓународни чинители кои им даваат каква било помош на земјите домаќини во нивните напори да управуваат со последиците од вирусот COVID-19“.
Во својот извештај од 2020 г., наведува дека „мировните операции остануваат една од најефикасните мултилатерални алатки за трасирање на патот кон одржлив мир, и ако тие продолжуваат да се соочуваат со зголемени предизвици.“
Во продолжение на извештајот се наведува дека на планирањето на претходните два буџети најмногу влијаеле затворањето на операцијата MINUJUSTH (во Хаити) и тековното планирање за транзиција на мисијата UNAMID (во Дарфур). Најголемите држави финансиери на мировните операции се:САД 27,89%, Кина 15,22%, Јапонија 8,56%, Германија 6,09%,

> Се проценува дека за мировните операции на ОН потребен е буџет од 20 милијарди долари за непречено исполнување на одредените мандати од страна на Советот за безбедност

Обединетото Кралство, 5,79%, Франција 5,61%, Италија 3,31%, Русија 3,05%, Канада 2,73% и Ј. Кореја 2,27%.
И покрај очекувањата на официјалните претставници на ООН да се соочат со значително кратење поради пандемијата на COVID-19, при изгласувањето на буџетот 2020/2021г. за мировни мисии, драстични промени кои негативно ќе влијаат на состојбите на теренот не се случија. И во случај да се донесе таква одлука, најверојатно очекуваните кратења на ресурси нема да се случат веднаш. Искуствата во таа насока укажуваат дека по финансиската криза во 2008г., земјите членки на ОН не напуштиле ниту една операција на „сините шлемови“ преку ноќ. Одлуките за намалување на трошоците за постојните мировни мисии биле донесувани постепено, согледувајќи ја истовремено неподготвеноста да се одлучува за воспоставување нови мисии.
Во COVID-19 ерата на миротворството, Советот за безбедност при ОН (СБ) најверојатно ќе биде претпазлив и ќе има пристап да не ги намалува значително трошоците при исполнување на мировните операции, и едновремено, да не си дозволи ни создавање нови или зголемување на постоечките трошоци. Во блиска иднина, СБ најверојатно ќе продолжи со барање до Генералното собрание ОН поинтензивно да истражуваат и да изнаоѓаат поевтини опции за одговор на кризи (специјални политички ангажмани) на сметка на големи операции на „сините шлемови“. Тоа значи дека, ако пандемијата на вирусот придонесе кон нов бран кризи во и така безбедносно кревките држави, одговорот на ООН на таквите закани по мирот и безбедноста во светот ќе мора да биде со пониска цена.
Во овој контекст, СБ веќе побара од раководствата и планерите на тековните мировни операции да се справуваат со кризата наметната од вирусот во рамките на постоечките ресурси, дури и ако тоа значи отстапување од други приоритети. Од друга страна, се претпоставува и дека ОН нема да назначат многу нови мисии за справување со кризи предизвикани од ширењето на вирусот. Но, доколку се случи СБ да планира нови мисии, тие најверојатно ќе бидат релативно ограничени. Планерите во Одделот за мировни операции при ОН (DPO) веќе имаат добиено насоки да ги синхронизираат помеѓу мировните сили и сите други чинители на теренот, напорите за зачувување на мирот и за позитивен развој на ситуациите, хуманитарните активности и активностите поврзани со борбата со CORONA вирусот.
Минатогодишниот буџет бил формиран на основани претпоставки формулирани

пред пандемијата на COVID-19 и барањата од раководставата на мисиите за финансиски импликации на пандемијата врз мировните операции и преземените мерки. Ваквите барања на командите биле иницирани од намален капацитет за исполнување на одредени приоритети:

- заштита на мандатите за цивилните претставници на мисијата;
- предупредувањата од терен за зголемени тензии и недоверба меѓу завојуваните страни;
- одложувања на процесите за разоружување, демобилизација и реинтеграција, како и на изборните процеси во одредени земји домаќини;
- одложување или откажување на клучни состаноци со засегнати страни.

Општ заклучок е дека CORONA вирусот значително влијае на планирањето и спроведувањето на буџетите за 2019/20 и 2020/21г. Најмногу влијание имале здравствените и безбедносните услови за престој на персоналот, распоредувањата на контингентите војска и полиција и менаџирањето со снабдувањето.

И покрај очекувањата на официјалните претставници на ООН да се соочат со значително кратење поради пандемијата на COVID-19, при изгласувањето на буџетот 2020/2021г. за мировни мисии, драстични промени кои негативно ќе влијаат на состојбите на теренот не се случија. И во случај да се донесе таква одлука, најверојатно очекуваните кратења на ресурси нема да се случат веднаш

| НАМЕНА | 2019/2020 | 2020/2021 | Разлика | % |
|---|---|---|---|---|
| | Сума | | | |
| Мировни операции | 6.326,4 | 6.191,3 | -135,1 | -2,1 |
| Елементи за поддршка | 447,7 | 463,9 | 16,2 | 3,6 |
| **ВКУПНО** | **6.774,1** | **6.655,2** | **-118,9** | **-1,8** |

*Буџет на ОН за мировни операции – реализиран и одобрен (милиони американски долари)*



| Број на персонал | Година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014/15 | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
| Униформиран | 127.335 | 121.154 | 121.768 | 107.059 | 99.269 | 95.734 | 92.724 |
| Цивилен | 24.747 | 23.370 | 22.382 | 20.871 | 18.512 | 16.718 | 16.455 |
| **ВКУПНО** | **152.082** | **144.524** | **144.150** | **127.930** | **117.781** | **112.452** | **109.179** |

*Проектиран број на персонал во мировни операции на ОН*

Минатата година бил предложен буџет од 6,655 милијарди американски долари, кој би требало да ги покрие потребите на мировните операции за периодот од 1 јули 2020 до 30 јуни 2021година (заедно со потребите на мисијата UNAMID за 6 месеци). Ова претставува намалување за 119 милиони долари (1,8%) во споредба со одобрените ресурси за претходната финансиска година. Но, овие средства би требало да ги задоволи потребите на 12-те мировни мисии. Во истиот период ОН имаа испланирано распоредување на околу 92.527 униформиран персонал на ОН, 19.626 воен персонал од земјите на Африканската унија во Сомалија (AMISOM), и 16.146 цивилен персонал. Евидентно е намалување на бројот на униформиран персонал секоја година од 2016/17година, додека бројот на цивилен персонал се намалува секоја година од 2014/15година.

Најголем број „сини шлемови“ ОН на терен распоределе во 2015 г. (скоро 100.000 мировници на ОН и повеќе од 22.000 мировници од AMISOM), кои на располагање имале буџет повеќе од 8,3 милијарди американски долари.

Во наредните денови се очекува да биде објавен усогласениот предлог-буџет за претстојната финансиска година (2021/2022г.), пред истиот да биде одобрен најдоцна до крајот на мај 2021 година. Не се очекуваат ни сега особени промени, освен што ќе биде потребно раководствата на мисиите да бидат флексибилни во користењето на финансиите за продолжување и понатамошно приспособување на новонастанатите околности.

Се проценува дека за мировните операции на ОН потребен е буџет од 20 милијарди долари за непречено исполнување на одредените мандати од страна на Советот за безбедност.

Со ваква процена се поставува и прашањето за складноста на мандатите и ресурсите обезбедени за нивно спроведување. СБ менаџира со очекувањата и стратегиите на мировните операции на ОН но, исто така, е констатирано и дека има потреба за решавање на противречностите во мировните операции во однос на ресурсите, амбициите и финансиите. Од друга страна, евидентно е дека финансиските контрибутори не се подготвени за толкава сума пари. Стабилната финансиска поддршка на мировните операции останува клучен предизвик и во иднина. Планерите на операциите сè уште не успеале да ги избалансираат очекувањата на СБ и земјите членки со потребите кои се наметнуваат на теренот во услови на употреба на напредна технологија, последиците од глобализацијата и социјалните трендови во светски рамки.

М.С.

# Свечено одбележан Денот на Командата за обука

Припадниците на Командата за обука и доктрини на симболичен начин со постројување во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес го одбележаа 15 Април – Денот на КОД. За време на предвидените активности во целост се почитуваа протоколите и предвидените мерки за заштита и спречување на ширењето на вирусот КОВИД-19.
На свеченоста присуствуваше заменикот на началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин и командантот на КОД, бригаден генерал Методи Хаџи Јанев. Во своето обраќање пред стројот, генералот Нуредин, честитајќи им го Денот на единицата, истакна дека обуката и стекнувањето на нови знаења и вештини се едни од најважните сегменти во војничката професија чии носители се припадниците на оваа команда. Осврнувајќи се на мисијата на оваа команда, генералот Нуредин се осврна на обуката на основниот курс за подофицери која во моментов ја изведуваат инструкторите од оваа команда, која е значајна за оформување на квалитетен подофицерски кадар како клучен ресурс во изведување на обуката во единиците. „Уште еден особено важен сегмент од вашата мисија, без кој Армијата не може да ги извршува правилно своите функции и ја достигнува бараната интероперабилност, а за кој токму оваа команда е најзаслужна, е збогатувањето на Армијата со квалитетна воена стручна литература“, рече генералот Нуредин.



На свеченоста беа соопштени стимулативни мерки за припадници од КОД, меѓу кои е и војникот на доброволно служење на воен рок Душко Илкачев, кој со упорност и посветеност ги извршува секојдневните обврски, покажувајќи ги вредности кои се потребни да ги поседува секој припадник на Армијата.
Одбележувањето на 15 Април како Ден на Командата за обука и доктрини, е одреден во чест на пристигнувањето на првата класа регрути од регуларниот состав на Армијата на отслужување воен рок во 1992 година.

# Одбележан патронатот на касарната „Јане Сандански“

Во касарната „Јане Сандански" во Штип, со воена свеченост припадниците на 2.пешадиски баталјон и останатите единици од касарната, со целосно почитување на препораките и мерките за заштита од ширење на вирусот COVID-19, го одбележаа 22 април, патрониот празник на касарната. На одбелжувањето присуствуваше делегација од Командата за операции предводена од полковник Сашо Ивановски, заменик на командантот на 1.пбр полковник Васко Коколански и градоначалникот на општина Штип, д-р Сашко Николов, кои со полагање на свежо цвеќе му оддадоа почит на големиот македонски револуционер и војвода Јане Сандански. Пригоден говор одржа командантот на 2.пб, потполковник Стојанче Костов, кој се осврна на ликот и делото на Јане Сандански, истакнувајќи дека со одбележувањето секоја година придонесуваме неговото име и дело



да останат во сеќавањата на идните генерации. По повод овој ден, претходно беа спроведени крводарителска акција во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија и хуманитарна акција од вработените во касарната „Јане Сандански“, во која беа доделени хуманитарни пакети со облека и прехранбени продукти на Црвениот крст во Штип за социјално ранливите категории на граѓани, за Дневениот центар за лица со интелектуална или телесна попреченост и аутизам, за Малиот групен дом за деца без родители и за паралелките за деца со посебни потреби при ОУ „Ванчо Прке“во Штип.

# 10 април – Ден на Артилерискиот баталјон

Во касарната „НХ Мирче Ацев“ во Прилеп, со целосно почитување на препораките и мерките за заштита од ширење на вирусот „COVID-19“, припадниците на артилерискиот баталјон (артб) од составот на 1. пешадиска бригада (1.пбр) свечено го одбележаа Денот на единицата. На свеченоста присуствуваа командантот на 1.пбр, бригаден генерал Бесник Емини и командантите на потчинетите единици. Во своето пригодно обраќање по повод Денот на единицата, заменикот на командантот на артб, потполковник Сашо Палески, се осврна на историјата на единицата, реализираните активности во изминатиот период, како и задачите и обврските што следуваат во наредниот период. Командантот на 1.пбр, бригаден генерал Бесник Емини, им го честиташе Денот на единицата со желба за лично здравје на припадниците на артб и нивните семејства, со надеж дека за скоро време, артб и останатите единици од 1.пбр ќе продолжат со нормален тек на извршување на секојдневните обврски и задачи и истакна дека обврските на единицата, во согласност со новонастаната ситуација продолжуваат. На свеченоста по повод Денот на единицата беа прочитани честитки и стимулативни мерки за припадниците на единицата.






# Деснокрилниот екстремизам како глобален предизвик

Речиси 20 години по нападите на 11 септември и почетокот на глобалната војна против тероризмот, светот се најде пред нова закана. Во периодот помеѓу 2000 година и 2010 година, кога меѓународната заедница се фокусираше на „Ал Каеда“, „Исламската држава“ и други групи кои застапуваат одредено толкување на исламот за да го оправдаат нивното терористичко делување, деснокрилниот екстремизам растеше низ целиот свет

Покрај Бразил, САД, Унгарија, Нов Зеланд, десните екстремистички идеи и групи претставуваат сериозна закана и за останатите демократски општества. Според премиерката на Нов Зеланд, Јасинда Арден, откако десничарскиот терорист уби над 50 лица во неколку џамии во нејзината земја, не е спорно дека идеите и јазикот на поделба и омраза постоеле со децении, меѓутоа нивната форма на дистрибуција и алатките за организација се нови. Ако има каква било надеж за санирање на тие поделби и унапредување на еднаквоста, владеењето на правото, инклузивното граѓанско општество и почитувањето на човековите права, западните демократии треба да работат со другите земји и мултилатерални организации за да изградат коалиција за борба против растот и ширењето на деснокрилниот екстремизам. На почетокот на XXI век, десничарските екстремистички идеи беа интегрирани во одредени политичките партии и извршија големо влијание врз политичарите. Во 2010



година, Виктор Орбан стана премиер на Унгарија. За време на неговиот мандат, тој јавно ја изразуваше антиимиграциската политика против бегалците и тврдеше дека Европа ќе биде заземена од надворешни култури и групи. Во 2014 година, Нарендра Моди и неговата десничарска партија го освоија мнозинството на изборите во Индија. Пред неговата победа, американската влада му ја одзеде визата заради сомневање за неговата поддршка на хинду-екстремистичките напади врз муслиманите во индиската држава Гуџарат во 2002 година. Моди ги охрабруваше најекстремните фракции на неговата партија и ги внесе екстремистичките идеи за Индија како хиндуистичка земја, без оглед на нејзината голема разновидност. Тој отиде до таа крајност што ја оправдуваше поддршката на антидемократските мерки како Предлог-законот за изменување и дополнување на државјанството во 2019 година, со кој се исклучуваат муслиманите од списокот на прогонувани верски групи од соседните земји кои можат да имаат право на индиско државјанство. Со преземањето на претседателската функција во 2019 година од страна на Жаир Болсонаро, контроверзен политичар чии ставови и коментари често се опишани како крајно десничарски и популистички по природа, во Бразил се демонстрираше појавата на деснокрилните екстремистички идеи. За време на неговата кампања, Болсонаро ги напаѓаше владините институции и малцинства и бразилската демократија. Како резултат на тоа, маргинализираните групи во Бразил сѐ повеќе се вклучуваат во политиката, црните жени во Бразил се кандидираат за функции преку програми кои се фокусирани на човековите права и достоинство, антирасизам и еднаквост. Додека десничарската идеологија и групи не се нови во многу делови на Европа, растот на имиграцијата од муслиманските земји, зголеменото движење на поединци во рамките на Европската Унија и интегрирањето на екстремно десничарските идеи од популистичките политичари како одговор на порастот во имиграцијата, во периодот на 2010 година придонесе за голем пораст на екстремната десница. На пример, норвешкиот десничарски екстремист и терорист Андерс Брејвик, во јули 2011 година во Осло и на островот Утоја го изврши својот брутален и смртоносен напад. Во својот манифест тој ја опиша потребата да се брани Европа од муслиманската доминација и мултикултурализмот. Како одговор на нападите, Норвешка ги зајакна своите закони за гонење на тероризмот и се согласи за споделување на информации за истрагите со САД и со ЕУ, со цел да се овозможи следење на поединци и нивните постапки при преминување на границите. Смртоносниот напад во Крајстчрч, Нов Зеланд, во 2019 година, ни докажа дека деснокрилниот екстремизам продолжи да расте низ целиот свет. Слично на Брејвик, терористот во Крајстчрч, кој го спомна Норвежанецот по име во својот манифест, се осврна на заштитата на белите луѓе од европско потекло од имиграцијата, муслиманите и други закани што тој ги опиша како „бел геноцид“. Владата на Нов Зеланд, веднаш по нападот, брзо презема мерки за справување со деснокрилниот екстремизам. Се направија измени во законите за набавка на оружје во земјата и се забрани одреден вид на полуавтоматско оружје коешто се користеше во нападот. Исто така, се демонстрираше видлива поддршка за муслиманската заедница на Нов Зеланд. Нов Зеланд, во соработка со Франција и информатичко-технолошки компании, изготви решение со кое ќе се елиминира терористичката и насилната екстремистичка содржина на платформите на социјалните медиуми. Сето тоа е засновано на применливите закони и стандарди, со почитување на меѓународните човекови права, вклучително и слободата на изразување. Овој напад, исто така, на национално ниво беше причина за преиспитување на вредностите на земјата и на третманот на нејзините различни заедници. Во извештајот објавен во декември 2020 година од страна на истражната комисија за нападот, се открива неуспех на разузнавачко-безбедносните структури на земјата да ја следат десничарската екстремистичка закана, омразата, дискриминацијата и лошиот третман на муслиманите и другите групи во Нов Зеланд. Извештајот дава низа препораки, вклучително и зајакнување на соработката со тие заедници и преструктуирање на безбедносните агенции кои се одговорни за борба против тероризмот.
Домашниот екстремизам сѐ уште претставува најголемата закана за западните демократии, но очигледно е дека мерките што се преземаат не се адекватни за да се спречи. На 17 март оваа година, разузнавачко-безбедносната заедница на САД објави заедничка сеопфатна процена на заканата од домашниот насилен екстремизам. Оваа процена



По нападите од 11 септември, САД целосно го реконструираа безбедносно-разузнавачкиот апарат за справување со тероризмот и започнаа долгогодишна серија на глобални антитерористички кампањи кои сѐ уште траат. Меѓутоа, според анализата на Центарот за стратешки и меѓународни студии, во 2020 година две третини од терористичките напади се реализирани од деснокрилни екстремисти

предупредува дека домашните екстремисти и оваа година ќе се обидат да извршат насилни напади, претходно охрабрени од теориите за заговор за пандемијата со вирусот COVID-19 и случувањата во конгресот. Како еден од главните фактори за ширење на заканата од домашниот тероризам, според директорот на ФБИ, Кристофер Вреј, е проблематичното политичко опкружување, коешто ги мотивира белите супремисти и паравоените милиции. Овие предупредувања звучат слично како заканата со која се соочија САД по нападите од 11 септември, закана против која Американците лесно се обединија против она што се нарекуваше странски непријател. Но, денес, состојбата е поразлична, бидејќи нема непријател којшто се крие некаде на Блискиот Исток, туку заканата е присутна дома.




По нападите од 11 септември, САД целосно го реконструираа безбедносно-разузнавачкиот апарат за справување со тероризмот и започнаа долгогодишна серија на глобални антитерористички кампањи кои сè уште траат. Меѓутоа, според анализата на Центарот за стратешки и меѓународни студии, во 2020 година две третини од терористичките напади се реализирани од деснокрилни екстремисти. Од 2016 година па до денес, тие извршиле повеќе напади од која било друга домашна или странска група којашто делува против интересите на САД. Одделот за домашна безбедност на САД, како најупорна и најсмртоносна закана ги идентификува расно и етнички мотивираните домашни насилни екстремисти, поточно белите супремистички групи. Голем дел од овие бели супремистички групи припаѓаат на крајната глобална десничарска идеологија којашто масовно се радикализира преку интернет. За оваа појава изјава имаше и генералниот секретар на Обединетите нации, Антонио Гутереш, којшто предупреди дека надмоќта на белите и неонацистичките движења стануваат транснационална закана. Крајно десничарските движења се вооружени со заедничкото чувство за идентитет и цел. Според анализите на разузнавачката заедница на САД, тие се неверојатно ефикасни во обединување на широк спектар на екстремистички групи кои поттикнуваат и повикуваат на насилство. По нападите на 11 септември, американската влада ги насочи своите сили да изгради разузнавачка мрежа што ќе ја опфати Земјината топка, способна да ги запре странските терористички напади пред тие да се случат. Конгресот одобри разузнавачите да се стекнат со големи овластувања за да ги надгледуваат и истражуваат сите осомничени за тероризам и оние со сериозни врски со странски организации. Во меѓувреме, во САД, домашната закана од деснокрилен екстремизам растеше. Бројот на деснокрилни екстремистички групи порасна за 250% во првата година од претседателствувањето на Барак Обама. Во извештајот на Одделот за домашна безбедност од 2009 година, аналитичарите предупредуваат дека изборот на првиот црн претседател, во комбинација со економскиот пад, може да создаде плодна средина за регрутирање на десничарските екстремисти.
Неуспехот да се спречи насилството од 6 јануари 2021 година, кога Конгресот на САД беше нападнат и притоа насилниците неколку часа ја окупираа и вандализираа зградата, повеќе од 140 лица беа повредени, а петмина загинаа, укажува дека на САД им е потребен стратешки одговор за справување со белата националистичка идеологија пред таа да стане уште понасилна. Законот за спречување на домашен тероризам, кој се очекува да се донесе, ќе го олесни следењето, истрагата и гонењето на случаите на домашен тероризам, со фокус



на белите супремистички групи. Меѓутоа, треба многу внимателно да се искористат и научените лекции од противтерористичките политики што беа донесени по нападите на 11 септември, коишто доведоа до пораст на злосторства од омраза, малтретирање, и сето тоа создаде наследство на недоверба што и денес ја прогонува арапската американска заедница.
Сите овие примери покажуваат дека, појавата на деснокрилниот екстремизам не смее повеќе да се третира како изолиран инцидент, туку треба да се признае дека претставува феномен што се развива глобално. Доколку САД и меѓународната заедница во брзо време не се обединат и не обезбедат ресурси за справување со оваа закана, може да се изгуби драгоцено време коешто може да го спречи нејзиното ширење. Мерките што се преземаа изминатава деценија од страна на држави, локални самоуправи, новинари и обични граѓани за борба против деснокрилниот екстремизам, преставуваат пример за тоа како може да изгледа меѓународниот напор и одговор.
Новоизбраниот американски претседател, Џо Бајден, по немирите во Конгресот на САД, има можност да ја предводи меѓународната заедница околу решавањето на деснокрилниот екстремизам. Тимот на Бајден ќе има тешка задача: да се спротивстави на една од најголемите домашни закани од периодот на Граѓанската војна до денес, без да предизвика политичка криза или да ги наруши граѓанските слободи на Американците. Западните сојузници треба да најдат начин да ја прошират мисијата на Глобалниот форум за борба против тероризмот за решавање на деснокрилниот екстремизам и неговите пермутации. Ова нема да биде лесна задача, бидејќи ќе биде потребно да се направи стратешки исчекор напред, а притоа да се соочат со историските и национални предрасуди кои ја вклучуваат расата, религијата и етничка припадност. Научените лекции од минатото јасно покажаа дека само преку спроведување на законите нема да може успешно да се спречи деснокрилниот домашен екстремизам. Успехот во справување со оваа закана нема да се мери според бројот на уапсени лица коишто ќе се гонат за деснокрилен екстремизам, туку според бројот на превенирани обиди да преминат во насилство.
Еден од клучните моменти во



борбата против деснокрилниот екстремизам ќе биде справувањето со ширење на дезинформациите. Социјалните медиуми и веб-страниците (заедно со алгоритмите што го следат однесувањето на поединецот на интернет), им овозможуваат на луѓето ширум светот да ја градат сопствената реалност и да ги зајакнат верувањата, правејќи ги подложни на влијание од различни групи и поединци, а антидемократските идеи можат многу полесно и побрзо да се шират преку националните граници и притоа да ја пронајдат целната публика. Потребен е меѓународен пристап за справување со деснокрилните екстремистички идеи на коишто се ранливи поединците, општествата и институциите. Покрај економските проблеми што произлегоа од пандемијата со КОВИД-19, меѓународната заедница треба финансиски да им помогне на младите генерации и организации коишто го унапредуваат инклузивното граѓанско општество, демократијата и еднаквоста. Борбата против деснокрилниот екстремизам нема да биде лесна, бидејќи многу политичари и политички партии во своите политички платформи имаат вметнато деснокрилни екстремистички идеи, меѓутоа демократијата, еднаквоста, владеењето на правото и човековите права низ целиот свет мора да бидат заштитени.

д-р Ненад Танески





# „Заштита од вознемирување на работно место и разрешување конфликти“

Во согласност со Календарот на специјализирани обуки за 2021 година на Министерството за одбрана, во април се рализараше стручна специјализирана обука на тема „Заштита од вознемирување на работно место и разрешување конфликти“. Имајќи ги предвид препораките и мерките за заштита од пандемијата со КОВИД-19, истата се организираше „on line“ преку користење на платформата Cisco Webex. Обуката ја реализираа сертифицирани обучувачи од оваа област од Министерството за одбрана, Биљана Стевкова, Ирена Станковска и Дарко Маџоски, при што активно учество од своето работно место зедоа 30 претставници од организациските единици во Министерството и Армијата.




Целта на обуката беше учесниците да се стекнат со знаења и информации поврзани со мобингот и разрешувањето на конфликти на работното место, како и подобро да се запознаат со законската рамка, упатствата, постапките и механизмите за превенција, спречување и справување со вознемирување на работното место. Во текот на реализација на обуката акцентот се стави на повеќе аспекти поврзани со мобингот и заштитата од вознемирување на работно место, започнувајќи од дефинирање на поимите „конфликт“ и „мобинг“, кои се нивните разлики, препознавање на мобинг, фази на мобинг и негова превенција, како и сеопфатен преглед на законската регулатива поврзана со оваа проблемтика и механизмите за заштита од вознемирување на работното место. Оттука, беше потенцирана важноста на потребата за навремено препознавање на мобингот и негово пријавување врз основа на Законот за заштита од вознемирување и интерните механизми во согласност со Упатството за заштита од вознемирување на работно место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

Во текот на обуката беа разгледувани и дискутирани чекорите, можностите, правата и одговорностите на сите учесници во постапка за заштита од вознемирување на работно место. Имено, обуката, на начин на која беше замислена и реализирана, обезбеди детални податоци за целокупниот процес на заштита од вознемирување на работното место, како и начини на кои вработените можат да се информираат и да побараат помош во рамките на нашата институција. Всушност, крајниот резултат на реализираната обука е зголемената свест кај вработените за препознавање на мобингот, односно навремено дијагностицирање и користење на интерните механизми за негово спречување.

Овој вид на активности поврзани со мобингот и заштита од вознемирување на работно место се одвиваат во континуитет во Министерството за одбрана и истите се наменети за различни категории на вработени, со цел нивно подобро запознавање со оваа проблематика. Интересот за учество на вакви обуки е голем, а во прилог на ова одат и искажаните потреби при годишното планирање на специјализираните обуки кои укажуваат на тоа дека вработените имаат потреба од обуки поврзани со заштита од вознемирување на работното место. Во таа насока, Министерството за одбрана има сертицифирани обучувачи од редовите на своите вработени, кои во согласност со годишните планови за обука ќе продолжат и во наредниот период да реализираат обуки за справување со мобинг и разрешување на конфликти на работното место за сите категории на вработени.

Дарко Маџоски



# Заедничка акција за пошумување на Армијата, СЕЕБРИГ и градот Куманово

Заедничка и успешна акција за садење садници спроведоа припадниците на македонската армија, на Командата за Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ) и јавното претпријатие „Чистота и зеленило“, на локалитетот Студена Вода, Кумановско. На падините на локалитетот кој е еколошко прибежиште за граѓаните, припадниците на Армијата, на Бригадата и вработените од комуналното претпријатие насадија 600 садници бел бор и чемпрес, 30 листопадни, 10 зимзелени и 320 украсни грмушки. Со беспрекорна организација, на убавото сончево време, припадниците на Армијата, Бригадата и вработените од комуналното претпријатие придонесоа околината да стане уште поубаво место кое кумановци ќе имаат можност да го користат и да уживаат во убавината и сенките на дрвјата и садниците. Локацијата е често посетувана од семејства со деца, рекреативци, спортисти. Акцијата за успешна ја оцени и кумановскиот градоначалник Максим Димитриевски. „Имаме заедничка акција за пошумување во рамки на проектот за раззеленување на Куманово во пролетниот период. Акцијата се спроведува во заедничка соработка со припадниците на Армијата, на бригадата СЕЕБРИГ со седиште во касарната „Боро Менков“ во градот. Би сакал да им се заблагодарам на припадниците на армиските сили и на припадниците на Бригадата за акцијата. Ова е само една од многуте акции кои планираме заеднички да ги реализираме во делот на цивилно-воената соработка помеѓу општината, општинските институции, претпријатија и припадниците на Армијата и Бригадата. Соработката на општината со нашата армија е на многу високо ниво, реализиравме голем број заеднички проекти, донации, Армијата многу ѝ помогна на општината во клучните моменти, особено во време на пандемијата, и би сакал да ја истакнам соработката во општинскиот штаб за заштита и спасување. Бригадата е сместена во нашиот град,така што ја доживуваме како дел од градот“ – изјави Димитриевски. Тој рече дека е отворен за заеднички иницијативи и соработка и во иднина, нагласувајќи дека општината е отворена за сите идеи и ќе настојува да се реализираат.

Локалитетот Студена Вода се наоѓа во близина на селото Доброшане во Куманово и изминатиов период се уредија и локацијата и пристапниот пат кој води до излетничкото место со средства обезбедени преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и општина Куманово. Локалитетот партерно веќе е уреден, има места за одмор, наскоро се очекуваат детски катчиња, реквизити за спорт, корпи за отпадоци, стражарска служба. Ова не е прва заедничка акција и иницијатива на општината и на македонската армија и Бригадата, ниту, пак, е прва соработка на институциите во градот со Армијата и Бригадата.

Припадниците на Бригадата, на почетокот од нивната мисија истакнаа дека нивната мисија е и хуманитарна. Во тој дух, припадници на Бригадата претпразнично за Нова година донираа 2.000 заштитни маски за потребите на медицинскиот персонал во кумановската болница. Куманово ги чувствува како свои сограѓани припадниците на Бригадата за Југоисточна Европа СЕЕБРИГ и им укажува иста почит како и кон претставниците на македонската армија. Градот е горд што токму тука се наоѓа Командата.

СЕЕБРИГ е мултинационална мировна мисија во која учесници се Албанија, Бугарија, Грција, Северна Македонија, Романија и Турција. Првично договорот е потпишан во 1998 година во Скопје, по што наредната година почнала ротационата мисија во земји домаќини, учеснички. Мисијата на Бригадата е да промовира регионална безбедност и стабилност преку мировна мисија, хуманитарна асистенција и помош при непогоди.

Куманово, од август минатата година стана седиште на една од најзначајните регионални иницијативи, која е почната пред 22 години. На свеченоста во кумановската касарна на 27 август лани, државниот и воениот врв, но и локалната власт, им посакаа добредојде на главниот штаб на Бригадата на Југоисточна Европа. На свечена церемонија во кумановската касарна „Боро Менков“, Командата на Бригадата за Југоисточна Европа (South-Eastern Europe Brigade-СЕЕБРИГ), официјално го означи започнувањето со работа во Република Северна Македонија. Според Договорот за формирање на Бригадата, локацијата на Командата на СЕЕБРИГ е на ротациона основа, а нејзини домаќини досега биле: Пловдив, Костанца, Истанбул и Лариса, а сега и Куманово. Знамето на Командата и на шесте држави кои учествуваат се веат пред реконструираната зграда во кумановската касарна. Ова искуство е непроценливо, бидејќи државата, но и градот, се центар на голема регионална иницијатива во која има околу 40-тина претставници кои веќе работат и живеат со своите семејства.

Александра Максимовска



# Сеизмичка отпорност на инфраструктурн објекти во Република Северна Македониј

Нашата земја припаѓа на подрачјето на Медитеранот за кое ни е познато дека претставува едно од сеизмички најактивните подрачја во светот. Поради тоа во минатото многу наши градови и населени места биле изложени на разорното дејство на земјотресите. Така, на пример, последиците од земјотресот кој се случил во Скопје, во 1963 година, биле толку големи што повеќекратно ја надминувале економската моќ на нашата земја

Денес науката не може да влијае на сеизмичката активност во одреден регион, односно не може да го спречи настанувањето на земјотресите. Исто така, на денешниот степен на развој науката не може со поголема точност да го предвиди настанувањето на земотресите во поглед на локацијата, јачината и времето на настанување, меѓутоа може да се обезбедат услови за одвивање на нормален живот без страв и стресови. Еден од системите кој овозможува нормално функционирање и организирање на животот и работата во секое општество е инфраструктурата. Од тие причини, анализата на оштетувањето на инфраструктурните објекти е важна од аспект на функционалноста на тие објекти и од аспект на нивното влијание на функционалноста на другите објекти. Инфраструктурата има комуникациска, дистрибутивна и транспортна улога, односно таа е збир на транспортни и комунални системи. Со оглед дека постоечката инфраструктура претставува основа за нормален живот и работа на луѓето во секое општество, може да се претпостави дека секое оштетување на кој било инфраструктурен сегмент негативно влијае на севкупната состојба во општеството. Степенот на оштетување на инфраструктурните објекти како последица на земјотрес ја претставува чувствителноста на инфраструктурата. Досегашните искуства покажуваат дека од витално значење за нормално функционирање на животот во областите зафатени со земјотрес се следните типови на инфраструктура: водоводен систем, електрични водови, гасоводен систем, бензиски пумпи, патна инфраструктура, железница, аеродроми и други.

Треба да се напомене дека сите типови на инфраструктура не се подеднакво важни за нормално функционирање на животот и работата на луѓето после земјотресот, односно сите тие не треба да функционираат во полн обем како во нормални услови. Поради тоа надлежните органи треба да ги одредат приоритетите за санирање на настанатите оштетувања заради воспоставување на животот и работата на луѓето во најкраток можен период после земјотресот.



# ите
# а

При проектирањето и изградбата на инфраструктурата во една држава треба да се има предвид нејзината безбедност и сигурност и во услови на земјотрес. Кај сообраќајната инфраструктура, како еден од типовите на инфраструктура од витално значење, во случај на земјотрес можат да настанат следните оштетувања: оштетување на објектите на патиштата, оштетување на објектите на железницата и оштетување на објектите на аеродромите. Овие оштетувања можат да доведат до ограничување, па и до целосно затворање на сообраќајниците, а причините можат да бидат директни и индиректни.
Во директни причини спаѓаат оштетувањата на сообраќајниците, мостовите, потпорните ѕидови и тунелите, а во индиректни причини спаѓаат прекините на сообраќајниците предизвикани со рушење на објекти во непосредна близина, експлозии на гасови, појава на пожари, затворање на одредени сообраќајници од безбедносни причини од страна на надлежните органи и слично. Сите овие причини за ограничување и за затворање на сообраќајниците треба да се настојува да бидат отстранети во што пократок период после земјотресот.
Водоводната и канализационата мрежа вообичаено минува под сообраќајниците, долж и попреку. Под дејство на сеизмичките сили можни се деформации, односно оштетувања на водоводниот и канализационен систем, при што како последица настанува оштетување и на сообраќајницата под која се протегаат, а под одредени услови можна е појава на епидемија. Исто така, не треба да се заборави на значењето на овие системи, а посебно на водата, за воспоставување на нормално функционирање на животот и работата во подрачјето на земјотресот.
Во денешни услови електричната енергија претставува најмногу користен вид на енергија, а сосема е сигурно дека потребите за овој вид енергија ќе бидат исти ако не и поголеми во напорите за нормализирање на животот и работата после случување на земјотрес во одредено подрачје. На пример, електричната енергија е потребна за непречена работа на болниците, за функционирање на водоводната и канализациона мрежа, за работа на разни уреди и инсталации, грејни тела во зимски услови, сообраќање на електричните возови итн. Имајќи го предвид сето тоа треба да се посвети соодветно внимание на сеизмичката чувствителност на овие системи и да се преземат соодветни мерки уште во фазите на нивно планирање и проектирање.
Патните сообраќајници се изградени на терен со различни карактеристики од сеизмичка гледна точка. Според тоа, при анализирањето на загрозеноста на патните сообраќајници од земјотрес треба да се земе предвид и сеизмичката загрозеност на теренот на кој тие се изградени. Досегашните искуства покажуваат дека насипите претставуваат еден од сеизмички најзагрозените делови на патните сообраќајници, бидејќи тие при дејство на статички сили покажуваат голема стабилност, што не е случај кога е во прашање влијанието на сеизмички сили.На секоја патна сообраќајница треба да се преземат соодветни мерки за безбедно одвивање на сообраќај при движење на возилата со големи брзини.
Тоа е посебно карактеристично за сообраќајниците кои минуваат низ



ридско-планинско земјиште каде што постои голема опасност од појава на одрони на карпи со различна големина и нивно паѓање врз возила во движење. Треба да се напомене дека територијата на Република Северна Македонија, а посебно нејзиниот западен дел, изобилува со предели каде во последните години е зголемена појавата на одрони и лизгање на земјиштето, како последица на поројни дождови. Кога би се случил земјотрес со појак интензитет во овој дел од нашата земја, само би го зголемил ефектот на овие појави, така што одвивањето на сообраќајот низ овие предели би се нашол во критична фаза. При анализирањето на сеизмичката загрозеност на патните сообраќајници посебно внимание треба да се посвети на патните објекти како што се мостовите, вијадуктите, тунелите и потпорните ѕидови.
Мостовите и вијадуктите, како составен елемент на патните

сообраќајници, се посебно значајни за нормалното функционирање на животот и работата во определено подрачје. Од тие причини при проектирањето и самата изградба на овие објекти треба да се посвети поголемо внимание на нивната сеизмичка отпорност. Исто така, во текот на нивната експлоатација, потребно е да се планираат и да се спроведуваат периодични контроли на овие објекти од страна на стручни лица, со цел откривање на евентуални деформации и оштетувања. Познато е дека и најмалите деформации на мостовите кои во нормални услови на експлоатација не претставуваат опасност, истите во услови на земјотрес можат да бидат причина за настанување на поголеми оштетувања или нивно рушење. Кај тунелите, како подземни објекти, за разлика од надземните објекти, интеракцијата со околната средина е посложена, односно се врши преку целата контура на објектот, додека кај надземните објекти само темелите на конструкцијата доаѓаат во интеракција со околната средина, односно преку темелите потресот се пренесува на остатокот од надземната конструкција. Треба да се напомене дека санацијата на оштетувањата кај тунелите предизвикани од земјотрес е сложена и трае подолг временски период. Поголемиот дел од железничкиот систем во Република Северна Македонија е со постар датум и е изграден во време кога не се посветувало доволно внимание на сеизмичката отпорност при проектирањето и изградбата на објектите. Поради тоа, може да се заклучи дека постојната железничката инфраструктура е посебно сеизмички чувствителна и при евентуален потрес со повисок интензитет треба да се очекуваат оштетувања од поголеми размери. Истражувањата покажуваат дека како последица на земјотрес кај железничката инфраструктура се јавуваат примарни оштетувања на железничките тунели, насипи, мостови, железнички станици, телекомуникациски уреди, железничките средства како што се локомотивите и вагоните итн. Посебно внимание треба да се посвети на санирање на последиците од изливање на опасни материи од превртени железнички вагони.
Во современи услови, при проектирањето и изведбата на објекти за т.н. брзи железници посебно внимание се посветува на проблемот на задоволување на пропишаните норми за нивна сеизмичка издржливост. Аеродромите исто така се сеизмички чувствителни. Досегашните искуства покажуваат дека земјотресите своето



влијание врз аеродромите го изразуваат преку оштетување на полувачко-слетувачките патеки, контролните кули, терминалите, радарите, транспортот на гориво итн. Со оглед на фактот дека аеродромите најчесто се градат во долините на реки, голема е веројатноста тие да бидат поплавени како последица на посилен земјотрес. Денес речиси сите земји во светот вложуваат огромни напори и средства за развој на превентивната заштита од земјотресите. Посебна улога во постигнувањето на висок степен на сеизмичка отпорност на објектите има сеизмологијата и земјотресното инженерство преку нивните научни истражувања. Планирањето на сеизмички отпорни инфраструктурни објекти, како и планирањето на мерки за санирање на последиците од земјотресот претставува многу сложена активност, бидејќи сето тоа е условено со големи материјални издатоци, знаење и време. На овој проблем е потребно да се посвети посебно внимание, бидејќи крајниот резултат е избегнување на катастрофи од поголеми размери и загуби во луѓе. Сепак, во денешни услови не е возможно постигнување на целосна сеизмичка отпорност кај целокупната инфраструктура.
Од тие причини потребно е да се посвети внимание на планирање на активности за отстранување на последиците од евентуалниот земјотрес кои се состојат од дефинирање на редуцираниот режим на работа на системот, процена на значењето на сите компоненти на системот за одржување на редуцираниот режим, процена на опасноста, земајќи ги предвид локалните услови и процена на чувствителноста на важните компоненти на инфраструктурата.

м-р Златко Стојовски



# Визири IVAS за гледање низ или зад предмети

Армијата на САД за потребите на своите војници планира да набави 40.000 визири IVAS (Integrated Visual Augmentation System/ Интегриран систем за визуелно зголемување). Визирите IVAS се развиени со цел спасување на војничките животи, зголемување на борбената ефикасност на бојното поле, промена на начинот на оперативното борбено дејствување и за поефикасна обука за борбено дејство на пешадиските единици. Но, што значи во практика користење на визирот IVAS? Визирите IVAS се опремени со комбинација од камера и сензори, а благодарение на тоа се проектира дигитална дневно-ноќна видеослика пред војникот на она што треба да се наоѓа зад некоја препрека, а воедно на нив ќе се прикажува мапа на теренот и други податоци. Во основа, со визирот IVAS ќе бидат опремени пешадиските механизирани единици (десантната пешадија) од борбените возила на пешадијата „M2 Bradley“ и оклопните транспортери „Stryker“. Практично, од надворешно поставените дневно-ноќни камери на наведените возила, треба да се обезбеди слика од 360° на околината, која ќе се пренесува на визирите IVAS од војниците, давајќи им чувство како да гледаат низ оклопот од возилата, притоа овозможувајќи им да имаат поголема прегледност на ситуацијата за борбените дејства околу нив, без напуштање на возилото или непотребно изложување на непријателски оган. Исто така, со поставување на нишанска камера на личното оружје која е поврзана со визирот IVAS, војникот, без сопствено изложување, а со изложување само на оружјето зад аголот на објектот, може да извиди, да детектира и да дејствува врз непријателот. Исто така, визирот IVAS овозможува преку комуникациски систем да се поврзе и со микро дронови, со цел добивање на моменталната слика од ситуацијата на боиштето. Во план е визирот IVAS да се користи и во напредна симулациска обука на војникот, каде ќе биде регистрирано секое негово движење и борбено дејствување при обуката, со цел откривање и корегирање на евентуални грешки на војникот.



# Повеќенаменско амфибиско оклопно возило „Storm MVP“

Компанијата „Highland Systems“ на Саемот за одбрана IDEX 2021, што се одржи во периодот од 21 до 25 февруари 2021 година, го претстави новото повеќенаменско гасенично амфибиско оклопно возило „Storm MPV“. Од компанијата тврдат дека применетата технологија е револуционерна за оклопните возила и дека претставува дел од нивниот нов проект „Storm“. Станува збор за нов вид оклопно борбено возило, дизајнирано за употреба во широк спектар на специјализирани воени и цивилни мисии. Изградено е за користење во најтешки средини, а притоа нуди исклучителна подвижност и сигурност на работа. Воедно, возилото ги поседува најновите технологии за балистичка заштита од пешадиски оружја, заштита од импровизирани експлозивни направи и мини според стандардот STANAG 4569 од ниво 1 до ниво 2. Storm MPV, поседува должина од 5884 mm, широчина од 2873 mm и висина од 2360 mm. Во својата основна конфигурација тешко е 8 тони, а способно е на вода да носи товар од 2.000 kg. Благодарение на хибридниот дизел-електричен мотор со моќност од 2.500 кс, за гасенично возило може да постигне фантастична максимална брзина на пат од 140 km/h, на вода 30 km/h, а возење наназад од 20 km/h. Голема проодност му овозможува и високиот клирен од 50 cm, можноста да премине преку ров со широчина од 2 m и можноста да се сврти во место. Во кабинскиот простор, покрај двочлениот екипаж, има седишта за плус 6 лица. Влегувањето во кабинскиот простор се изведува преку 2 бочни врати кои се отвараат нагоре, плус на нивниот горен дел има по уште еден отвор. Позади на возилото е вградена рампа за приод до транспортниот простор со капацитет од 4,5 m³. Инаку, патничката кабина и транспортниот простор се поврзани со помала врата. За борбено дејство на возилото може да се вгради далечински управувана борбена станица. Сите возила STORM можат да бидат опремени и со системи за далечинско управување што овозможуваат автономно работење.



Ивица Дамески



# „Блицкриг“ – доктрина изградена од научени лекции

За оние кои ја изучуваат воената доктрина, германската „блицкриг“ во Втората светска војна е интересна доктрина за проучување, бидејќи е пример како една нова доктрина, иако успешна, веднаш е анализирана и коригирана со цел да биде уште поефикасна

Блицкриг“ како доктрина била изложена на неколку промени во текот на војната. Денес промените во воените доктрини на современите војски се бавни и потребни се децении за да се применат научените лекции. Меѓутоа, во тоа време, германскиот воен врв за неверојатно кратко време ги уочил недостатоците и веднаш биле преземени мерки за отстранување на слабостите. Операциите во Полска во септември 1939 година сè уште траеле, а веќе биле дадени насоки за реформи во обуката за да се отстранат забележаните пропусти. Германската воена стратегија пред Втората светска војна произлегла од научените лекции на Западниот фронт во Првата светска војна. Со цел да се избегне долга исцрпувачка рововска војна, германските ветерани за кратко време произвеле воена доктрина која требало да обезбеди победа преку неколку брзи и кратки кампањи.









Начинот на војување што германската војска го демонстрирала на европското војувалиште во периодот од 1939 до 1941 година остана популарно познат како „блицкриг“ (молскавична војна). Тоа била првата употреба на една современа воена машинерија, со координирана и синхронизирана комбинација на оклопно-механизирани единици, авијација и артилерија. Терминот „блицкриг“, всушност, никогаш не бил официјално користен во германската војска. Меѓутоа, новиот начин на војување толку се разликувал од сето она што претходно било видено, што тогашните британски и американски медиуми на доктрината ѝ го дале името „молскавична војна“ на германски јазик, или „blitzkrieg“. Концептот за „молскавичност“ не бил нов и може да се препознае во ракописот на Клаузевиц кога зборува за концентрација на сета сила во една точка на противникот, против неговиот центар на гравитација, после чие уништување тој би бил сигурно победен. Планот на Шлифен од пред Првата светска војна веќе предвидувал евентуалната војна против Франција да трае кратко и ефикасно. Меѓутоа, тогашната технологијата не го овозможувала тоа. Вистинската молсавичност ќе дојде до полн израз кога за прв пат масовно ќе се активираат новите технологии и оружја.Овој начин на војување стана посакуван модел на конвенционалните војски по Втората светска војна. За првите две години од почетокот на Втората светска војна, германската војска имала неверојатен успех и се чинела незапирлива. Со концентрација на огромна воена моќ во неколку точки на противничката одбрана, германските генерали повторно го оживеале значењето на центарот на гравитација на Клаузевиц. Со брз и длабок пробив низ противничкиот фронт, целта била да се навлезе што е можно подлабоко за пократко време. Потоа германските оклопни единици правеле опфати и ги изолирале помалите единици на противникот, правејќи простор следниот ешалон да навлезе уште подлабоко. Без непотребно задржување на фронтот, тие дури игнорирале одредени единици во одбрана кои не се сметале за опасни. Оваа тактика направила конфузија на боиштето, бидејќи не ги експлоатирала веднаш успесите на сметка на заземање што е можно повеќе територија. Со тоа се нарушила идејата за фронтот. Ова предизвикало шок и дезорганизација во противничката одбрана, а се покажало ефикасно уште во првата примена на оваа тактика против Полска, со што започнала Втората светска војна. Полската стратегија била нејзината војска да ги брани границите. Но Германците не застанале на границата за да ја уништат полската војска, туку продолжиле низ неколку премини на фронтот, стотици километри во

длабочина на земјата, каде немало доволно организирана одбрана. Германската авијација директно ги поддржала оклопните единици и спречила противникот да ја воведе резервата и можноста логистички да ги снабди отсечените единици на фронтот.
Само десет дена од почетокот на инвазијата, генералот Федор вон Бок ја известил повисоката команда дека војниците не покажувале доволно самоиницијатива и пасивно ги следеле своите командири. Ова резултирало со големи загуби во офицерскиот кор бидејќи морале да се движат први. На војниците им недостасувала иницијатива и агресивност, а имало известувања од некои командири за случаи кога војниците се воздржувале од отворање оган за да не ја откријат својата позиција. Лидерството и дисциплината на најниско ниво биле критикувани како мошне слаби во однос на она за време на мирновременска состојба. Дури и на баталјонско ниво лидерството покажало низа слабости. Во крајната анализа на кампањата во Полска, критики имало и во однос на маскирната дисциплина, извидувањето, обезбедување на борбените дејства и координацијата на пешадијата со артилерискиот оган. Имало случаи на сопствени загуби поради лоша комуникација, особено од воздушната поддршка. Сите овие пропусти биле препишани на неискуството на младиот лидерски кадар, бидејќи германската војска, во суштина, ја добила нејзината форма не повеќе од четири-пет години пред почетокот на војната. Веднаш по завршување на инвазијата, во октомври 1939 година започнала реорганизација на најмалите тактички единици со нова структура на одделенијата, водовите и четите. Било дадено поголемо значење на подофицерскиот кор како лидери во одделенијата.
Секогаш кога се зборува за германската војска во Втората светска војна, постои врежана перцепција за моќни оклопно-механизирани единици и авиони, без да се истакнуваат слабостите. Овој впечаток се должи на нацистичката пропаганда која имала цел да прикаже технолошка супериорност и доминација на германската воена индустрија. Меѓутоа, Германците ја започнале војната со половина милион коњи, чиј број во текот на војната се зголемил до три милиони. Логистиката се потпирала на овој начин на транспорт, како и добар дел од артилеријата. Во 1939 година, од вкупно 89 дивизии, само шест биле оклопни. Војната ја започнале со околу 3000 тенкови. „Блицкригот“ во Полска бил молскавичен како ништо претходно видено, но за темпото да се зголеми биле дадени насоки за драстично зголемување на оклопно-механизираните единици со нови моќни возила и тенкови. Овој процес не запрел сè до капитулацијата, така што заклучно со 1945 година биле произведени уште 46.000 тенкови. Хитлер дал насоки војската да се подготвува за инвазија на Франција во зимата 1939/40 година, но воениот врв се изјаснил дека се потребни темелни подготовки против Франција која била посилен противник од Полска. Единиците не биле пополнети со муниција и вооружување и инсистирале дека грешките од полската кампања мора да се отстранат. На 10 јануари 1940 година се случил инцидент кој им дошол во прилог на генералите кои го убедувале Хитлер да им даде повеќе време за инвазијата врз Франција. Авион на германското воздухопловство кој принудно слетал во Белгија превезувал офицер кој со себе носел доверливи документи за движење на единиците кон запад. Поради ова Хитлер бил принуден да ја одложи кампањата и им дозволил на генералите да се подготвуваат уште неколку месеци. Според новите насоки, започнала масовна обука на целиот активен и резервен состав која траела сè до мај 1940 година. Посебно внимание било посветено на едукација на офицерскиот кор, бидејќи на воениот врв му станало јасно дека војната на која Хитлер инсистира е неизбежна. Во декември 1939 година била формирана школа за команданти на баталјони. Во групи од по 300 слушатели преку интензивна обука се воспоставила стандардизација на новите, подобрени доктринарни





решенија, врз основа на искуствата од Полска. Ова е пример на експресно имплементирање на научените лекции по завршување на анализите од последната кампања.
Постои поделено мислење дека реформите на германската војска во периодот од октомври 1939 година до мај 1940 година не биле толку неопходни. Факт е дека добар дел од постариот офицерски кор не бил ентузијастички настроен за војна против сите наоколу и затоа сакале да ја одложат зимската кампања на Запад. Постоела надеж дека ќе се најде дипломатско решение со Британија и Франција кои ѝ објавиле војна на Германија поради нападот на Полска. Изговорот за итни реформи во обуката и реорганизацијата на единиците на сите нивоа, од одделение до дивизија, можеби бил суптилен отпор на дел од германските генерали кон нацистичката политика. Не е невообичаено една војска да се соочи со проблеми кога од мирновременска состојба прејде во воена. Теориите се ставаат на тест, доктрината се применува на школски начини, па природно се појавуваат низа проблеми поради непредвидливата „магла на војната“. Но, од денешен аспект, може да се забележи колку офицерскиот кор искрено бил критичен кон борбените дејства во полската кампања. Има историски примери, но и примери од модерните војски, кога се кријат проблемите и пропустите, особено доколку се работи за недостиг на квалитетно лидерството. Критичноста за ефикасноста на операциите во Полска, без оглед дали целта била пролонгирање на зимската кампања или навистина отстранување на грешките, резултирало со позитивни корекции во доктрината. Во мај 1940 година германската војска демонстрирала далеку пострашен „блицкриг“. Иницијативата била исклучително голема и германските сили многу покоординирано и поорганизирано за само 46 дена ги заземале Франција, Белгија, Холандија и Луксембург. По завршување на кампањата на Западниот фронт, германскиот воен врв повторно направил анализа на ефикасноста. Иако далеку помалку од претходно, интересно е што повторно офицерите од ниво баталјон нагоре биле критични кон одредени аспекти на операциите. Ова е вистинска лекција за градење на воена доктрина. Уникатно и ретко е да се биде критичен и после вториот успех. Ова, како елемент на воената култура, е својствен за мал број војски во светот и најверојатно произлегува



од културолошкиот профил. Германскиот „блицкриг“ бил успешно спроведен против Полска, Данска, Норвешка, Белгија, Холандија, Луксембург, Франција, Југославија и Грција, како и против британските сили во Северна Африка. „Блицкригот“ бил успешен сè додека германската војска победувала со брзи, одлучни и кратки операции. Слабата точка на овој концепт е кога противникот ќе ги смени правилата на игра и ќе прејде во војна до исцрпување. Затоа молскавичноста на борбените дејства биле успешни сè до војната на Источниот фронт против СССР. Направени се бројни анализи зошто овојпат оваа тактика не ги покажала очекуваните резултати. СССР бил преголем залак со огромно пространство и со двојно повеќе дивизии на самиот почеток на инвазијата. Но, главен фактор за германскиот неуспех било тоа што СССР, за разлика од останатите земји во тоа време, веќе имал развиено конзистентна оперативна вештина со уникатен концепт наречен „длабока операција“. Според овој концепт, советската војска имала развиени планови за прифаќање на борба во сопствена длабочина, користејќи ја големата територија за да се исцрпи и уништи противникот на делови. Така, наместо да се води борба на линија на фронтот, било планирано со ретроградни операции да се навлече противникот далеку од својата логистика и аеродроми за потоа да се уништи во длабочина со серија на контранапади и контраофанзиви. Можеби ова се должело на искуствата на Источниот фронт во Првата светска војна, каде за разлика од Западниот фронт немало рововска војна туку војна во која се правеле маневри. Исто како и Германците, Советите на време ја сфатиле мобилноста како голема предност. Во секој случај, „блицкригот“ е доказ дека една иста воена доктрина колку и да се усовршува, сепак не може да биде совршена и ќе има различни ефекти на различен противник.

Ѓорѓи Вељовски






# „Grumman F4F Wildcat"

Авионот „F4F Grumman" бил создаден од аеронаутичкиот инженер Лирој Груман и претставувал првата воздухопловна одбранбена линија во клучниот период по јапонскиот напад на „Перл Харбор". Тој не бил најбрзиот или најсовремениот авион за неговото време, но неговите карактеристики помогнале во спречувањето на налетот на јапонските воздухопловни сили

Кога започнала војната во Пацификот, „F4F" бил примарен ловец во служба на поморските воздухопловни сили на САД и единиците на маринскиот корпус на САД. До 1942 година, секоја воена поморска ескадрила на САД била опремена со „F4F". Пилотите на овој авион најчесто се среќавале со славниот јапонски противник – авионот „Mitsubishi A6M Zero". Јапонскиот ловец бил супериорен во своите маневарски способности, но тешкото вооружување, цврстата и ригидна воздушна конструкција на „F4F" биле елементи кои претставувале предност во воздушните дуели, особено кога авионот бил управуван од вешт пилот. До средината на 1930-тите години, брзиот и подвижен еднокрилен авион, рапидно го заменувал двокрилецот како примарен воздухоплов во секоја воена воздухопловна гранка во светот. Концептот и коренот на креативниот процес на авионот „F4F Wildcat" се наоѓа во авионот-прототип „XF4F-2". Овој авион бил креиран од тим предводен од главниот дизајнер на компанијата „Grumman", Вилијам Т. Швендлер. Меѓутоа, дополнителните тестови и долгиот процес на развој на прототипот, предизвикале одложување на производството. Поради овој застој, морнарицата на САД била приморана да додели договори за производство на компанијата „Brewster", која го имала првиот авион-ловец во САД, способен за оперативна употреба од брод-носач на авиони. Станува збор за авионот „F2A Buffalo". По долга преработка и ревизија на прототипот „XF4F", инженерите на „Grumman" конечно создале подобар модел на авион со карактеристики подобри од карактеристиките на авионот „F2A Buffalo". Покрај застојот, морнарицата на САД го прифатила новиот модел на „Grumman" со доделен договор за производство на илјадници авиони од типот „F4F Wildcat". Моделот кој бил прифатлив за морнарицата на САД и моделот кој ќе служи како основа за натамошен развој, бил моделот „F4F-2". Овој модел служел како основа за развој на моделот „F4F-3", кој ја добил својата дезигнација „3" поради вградување на помоќен мотор – „Pratt & Whitney XR – 1830 – 76", кој имал двостепенски „суперчарџер" со вградени интеркулери. Пропелерот со две перки кој бил вграден на варијантата „F4F-2" бил заменет со пропелер кој имал три перки. На почетокот, новиот пропелер не бил добро прифатен од пилотите, бидејќи ја зголемувал тежината на моторот. Овој сегмент подразбирал зголемување на распонот на крила и зголемување на должината на трупот. Спроведените модификации и новиот

мотор овозможувале развивање на максимална брзина од 535 километри на час. Отсуството на елеганција и дизајнерски „нежни“ линии, создавале не толку атрактивна слика за „F4F”. Положбата на крилата кои започнуваат од средината на трупот на авионот, начинот на кој тркалата се собираат, дизајнот на пилотската кабина и кривата линија спроведена од пилотската кабина до опашката се само дел од многуте елементи кои го прават овој авион неконвенционален и автентичен. Токму овие сегменти на дизајн, кобинирани со есенцијалните делови на механика, моторика и вооружување, генерирале воздухоплов кој бил ригиден, неверојатно отпорен на непријателски оган, адаптабилен и воздухоплов кој бил способен за брза поправка. Со цел да се совлада јапонскиот таканаречен „господар на небото“ – „А6М Zero”, во отсуство на брзина и маневарски способности, пилотите на „F4F” развиле тактика која се основала на принципот „удри и бегај“. Целта на наведената тактика била да се дојде до висинска предност и при забележување на непријателот, да се иницира напад, користејќи ја тежината, брзината од висинската предност и отпорната ригидност. Самото уништување на непријателот било овозможено со краток рафал од четирите митралези со калибар од 12,7 милиметри. Оваа тактика била успешна и компензирала за недостатоците на авионот „F4F”.

| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „GRUMMAN F4F 3 WILDCAT” | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 1 |
| ДОЛЖИНА | 8.76 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 11.58 метри |
| ВИСИНА | 3.61 метри |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 24 квадратни метри |
| МОТОР | Клипен „ѕвезда“ мотор „Pratt & Whitney XR – 1830 – 76” кој имал двостепенски суперчарџер и воздушно ладење. Моторот постигнувал 1200 коњски сили |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 533 километри на час |
| ОПСЕГ НА ЛЕТАЊЕ | 1360 километри |
| МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 12.000 метри |
| СТАПКА НА ИСКАЧУВАЊЕ | Искачува висина од 11.70 метри за период од 1 секунда |
| ВООРУЖУВАЊЕ | 533 километри на час<br>1360 километри<br>12.000 метри<br>Искачува висина од 11.70 метри за период од 1 секунда |



Познатиот јапонски ас, Сабуро Сакаи, во неговите записи тврди дека во еден дуел со „F4F Wildcat”, во кој тој имал предност, одлучил да го собори непријателот користејќи ги само двата митралези на неговиот воздухоплов „А6М Zero” со калибар од 7,7 милиметри. По 600 или 700 испукани куршуми во противникот, тој се доближил и го забележал изрешетаниот опаш и хоризонтален стабилизатор на авионот. Покрај огромната штета, авионот зачудувачки сè уште бил во воздух. Тоа е само еден доказ од многуте, колку воздушната конструкција на овој авион била отпорна. Пацифичката улога била примарна за овој воздухоплов но, исто така, бил употребуван и во Европа. Франција го користела воздухопловот пред нејзината капитулација во 1940 година. Велика Британија го користела како неопходно оружје за одбрана на конвоите на бродови кои претставувале животна линија за островот во раниот период на војната. Тој ефикасно бил адаптиран на британските придружни носачи на авиони, всушност „F4F” претставува првиот американски авион пилотиран од британски пилот кој соборил германски авион во војната. Воздушната битка се реализирала над Шкотска, а соборениот авион бил германски бомбардер „Ju-88”.

Варијанти:

**„Grumman F4F-3 Wildcat”**

Ова е рана варијанта која била во служба на воздухопловните сили на Франција, Велика Британија и САД. Овој модел бил опремен со вооружување од четири митралези „Browning M2” со калибар од 12,7 милиметри. Конструкцијата и механизмот на активирање на овие митралези, во развојот на првите модели бил несигурен. Митралезите често се закочувале за време на воздушните дуели. Авионот бил придвижуван со моторот „Pratt & Whitney XR – 1830 – 76”, кој имал двостепенски „суперчарџер“ и развивал 1200 коњски сили.

**„Grumman F4F-3 Wildcat”**

Оваа варијанта се карактеризира со вооружување од шест митралези „Browning M2” со калибар од 12,7 милиметри и нов систем на прибирање на крила познат како „Sto – Wing” систем. Со активација на овој систем, бил овозможен поголем простор кој генерирал можност за поголем број на авиони, лоцирани на еден брод-носач на авиони. Ова е дефинитивната варијанта од сите модели на авионот „F4F Wildcat”. Покрај унапредените карактеристики и развојните модификации, овој модел не бил популарен помеѓу американските пилоти. Незадоволството било генерирано од скратеното време при употреба на митралезите. Зголемениот број од четири на шест митралези претставувало и распоредување на истата количина на муниција наменета за четири митралези. Времето на користење/пукање на четири митралези било 34 секунди. Времето на користење/пукање на шест митралези било 20 секунди. Незадоволството произлегло и од фактот дека модификациите создавале дополнителна тежина на авионот која ги ограничувала способностите на воздухопловот. Според наведеното, „F4F” бил подложен за секакви модификации и алтернации во зависност од потребите.

Димитар Даневски

Вежбата „Одлучен удар - 21" е билатерална вежба со Арм
Целта на вежбата е поттикнување на интероперабилноста
на вежбата и потврда на капацитетите и способностите за с

# „ОДЛУЧЕН УДАР – 21“






1100

Северна Македонија



300

САД



20

Грција



20

Бугарија

# РЕПУБЛИКА С




## Дел од вежбите:

**„Immediate Response 21“**
**„DEFENDER-Europe 21“**

...ијата на САД, која е дел од вежбата „Defender Europe 21“.
...помеѓу националните и сојузничките сили кои учествуваат
...спроведување на интегрирани интервидовски операции.

# ...ЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




**Учество на специјални единици од:**
- **Северна Македонија**
- **Грција**
- **Бугарија**

**1.500 учесници од 4 нации**

**Инфо на официјалната страница** www.arm.mil.mk **и** www.mod.gov.mk

# Автоматска пушка „HK416“

Автоматската пушка „HK416“ е развиена од германската компанија „Heckler & Koch“, во соработка со специјалната единица „Delta Force“ од САД. Како основа за модифицирање е земена јуришната пушка „M4“, која е директен потомок на пушката „M16“. Од тука е добиена и бројчаната ознака на пушката „HK416“. Но, основната цел на развојот, односно модификацијата, е механизмот на пушката да се направи поиздржлив во сите временски и климатски услови, а воедно да се намали потребата за чистење и одржување. Ова е реализирано со неколку модификации, но најважно е вградувањето на провереният гасен механизам со кратко повлекување од пушката HK G36, како замена за цевкичката преку која се пренесувале согорените барутни гасови директно на челото на носачот на затворачот кои влегувале и во сандакот на пушката („M4“ и „M16“) и ја валкале внатрешноста, притоа изложувајќи ги деловите на големи температури. „HK416“ припаѓа на групата автоматски пушки кои фунционираат на принципот позајмување на барутните гасови, а забравувањето се остварува со ротирање на затворачот. Основни делови на „HK416“ се: горен сандак со цевката, во чиј склоп се системскиот скоп на гасниот клип, преден и заден механички нишан, преден ракофат со 4 Picattiny-шини MIL-STD-1913, носач на затворач со затворач (со 7 брадавици за бравење) и ударна игла и рачката за репетирање, додека во склоп на долниот сандак се устието за прифаќање на рамката за муниција, задниот пиштолски ракофат, чкрапалото со неговиот механизам, одбојникот со повратната пружина на носачот на затварачот (има улога и на амортизер) сместена во шупливиот цилиндар и телескопскиот кундак. Горниот и долниот сандак меѓусебно се поврзани со 2 чивии. Векот на траење на составните делови според „Heckler & Koch“ изнесува минимум 15.000 испукани куршуми. Цевката е со калибар 5,56 mm и е ладно кована, внатрешно е хромирана и има 6 жлебови и 6 полиња со десен чекор на ротација од 178 mm. На предниот дел од цевката е поставен компензатор на истрел/ разбивач на пламен. Според производителот, трајноста на цевката изнесува 20.000 испукани куршуми. Пушката се произведува со 4 должини на цевката (види табела). Предниот и задниот механички нишан се диоптерски и се склопуваат. Постои опција предниот нишан да се постави над цевката или на предниот дел од шината. Можноста нишаните да се склопуваат дава чисто видно поле при користење на колиматорски или оптички нишани. Инаку, задниот нишан е поставен на задниот дел од шината од сандакот и има поделби од 1 до 4 (од 100 m до 400 m). Горниот сандак од десната страна има отвор за исфрлување на чаури (заштитен со поклопче). Позади него е поставен одбојникот на чаури, а позади него потиснувачот на затворачот. Рачката за репетирање е поставена на горниот заден дел од сандакот и при стрелба не се движи.

На долниот сандак од десната страна (над чкрапалото) е поставено копчето за ослободување на рамката за муниција, а над ракофатот двострано се поставени лостовите од селекторот за стрелба, кој има 3 пиктографски означени позиции: закочено, единечна стрелба и рафална стрелба, додека од левата страна на долниот сандак над чкрапалото е вграден лостот за ослободување на затворачот. Телескопскиот кундак е изработен од полимер и поседува 6 позиции за подесување по должина, а во неговиот шуплив заден дел може да се смести приборот за чистење. Задниот пиштолски ракофат, исто така внатрешно е шуплив и во него може да се сместат ситни делови од приборот или батерии. Стандардната рамка за муниција се произведува според стандардот STANAG 4179. Изработена е од челичен лим и е двоередна со капацитет од 30 куршуми. Но, можат да се користат и полимерски рамки за муниција со истиот капацитет, како и барабанот Beta C-Mag со капацитет од 100 куршуми. Модуларноста на пушката овозможува поставување на најразлична опрема, и тоа: дневни и ноќни оптички нишани, колиматорски и ласерски нишани, тактичко светло, преден вертикален ракофат, ногарки, придушувач на истрел, лансер на гранати AG HK416 со калибар од 40 mm и друго. Воени верзии на „HK416“ се: „D10RS“, „D14.5RS“, „D16.5RS“, „D20RS“, „M27“, „HK416 A5“ со 4 должини на цевки, „HK416 A7“, ултра кратката „HK416C“, „HK417“ во калибарот 7.62x51 mm и „HK416 .22LR“. Корисници на пушката „HK416“ се армиите на Норвешка и Франција, а како дел од полициските сили или специјалните единици ја користат уште 26 држави.

Ивица Дамески






1. Компензатор на истрел/ разбивач на пламен
2. Цевка со калибар 5,56 mm
3. Гасна комора со гасен клип
4. Повратна пружина на гасниот клип
5. Потисна метална прачка од гасниот клип
6. Носач на затворач и затворач со ударна игла
7. Колиматорски нишан
8. Picattiny-шина
9. Горен сандак
10. Рачка за репетирање
11. Повратна пружина на затворачот кој има улога и на амортизер
12. Телескопски полимерски кундак








13. Алка за ремник
14. Рачка за приспособување на должината на кундакот
15. Спојна чивија
16. Лост на селекторот за стрелба
17. Заден пиштолски ракофат
18. Чкрапало со неговиот механизам
19. Лост за ослободување на затворачот
20. Рамка за муниција со капацитет од 30 куршуми
21. Долен сандак
22. Спојна чивија
23. Позиција за утврдување на предниот ракофат со горниот сандак
24. Преден ракофат

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „HK416“ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРЗИЈА СО ДОЛЖИНА НА ЦЕВКА | HK416 264 mm | HK416 368 mm | HK416 419 mm | HK416 508 mm |
| КАЛИБАР⁄МУНИЦИЈА | 5,56x45 mm | 5,56x45 mm | 5,56x45 mm | 5,56x45 mm |
| МИНИМАЛНА ДОЛЖИНА | 685 mm | 785 mm | 837 mm | 921 mm |
| МАКСИМАЛНА ДОЛЖИНА | 781 mm | 881 mm | 933 mm | 1.017 mm |
| ШИРОЧИНА | 66 mm | 66 mm | 66 mm | 66 mm |
| ВИСОЧИНА (БЕЗ НИШАНИ И РАМКА ЗА МУНИЦИЈА) | 186 mm | 186 mm | 186 mm | 186 mm |
| ТЕЖИНА СО РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 3,18 kg | 3,35 kg | 3,4 kg | 3,57 kg |
| ПОЧЕТНА БРЗИНА НА ЗРНОТО | 767 m/s | 860 m/s | 869 m/s | 911 m/s |
| ПРЕЦИЗНО ДЕЈСТВО ПО ИНДИВИДУАЛНИ ЦЕЛИ | 300 m | 400 m | 500 m | 600 m |
| ТЕОРЕТСКА БРЗИНА НА СТРЕЛБА | 700-900 куршуми во минута | | | |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 30 куршуми | | | |
| ТЕЖИНА НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | празна 250 g / полна 610 g | | | |



# „AgustaWestland AW169“

Хеликоптерот „AgustaWestland AW169“ е развиен и произведен од одделот за хеликоптери на компанијата „Leonardo“ (поранешна „AgustaWestland“, споени во компанијата „Finmeccanica“ од 2016 година). Покажува заедништво и споделување определено ниво на компонентите, дизајнот и конфигурациијата со поголемите хеликоптери од оваа компанија како што се „AgustaWestland AW139“ и „AgustaWestland AW189“. Дел од елементите на пилотската кабина и авиониката се слични на оние претходно инсталираните, со цел да се намалат потенцијалните оперативни трошоци. Станува збор за двомоторен воздухоплов, наменет за низа повеќенаменски операции. Се користи за транспорт на повредени, постои варијанта за пребарување и спасување, поморска патрола, мониторинг на загадувачи на одредени ресурси, спроведување на законот (урбана средина), варијанта за транспорт за потребите на нафтените компании, за ВИП превоз и во многу други сектори. Технологиите од новата генерација се вклучени во системот на моторите, авиониката, роторите, преносот и системите за производство и дистрибуција на електрична енергија, со можност за оперирање 24/7 во сите временски услови во текот на денот и ноќта.

Во 2011 година, британската влада на компанијата „AgustaWestland“ ѝ обезбедила заем од 32 милиони фунти за развојната програма на хеликоптерот „AW169“. Наредната година и Европската Унија одобрила заем од 272 милиони евра со нула каматна стапка од италијанската влада за компанијата, за да го финансира развојот на „AW169“, од кое 40% се однесува на индустриското истражување и 60% за експерименталниот развој.

Наредните години се интензивираат активностите и промоцијата на хеликоптерот. На 10 мај 2012 година, првиот од четирите прототипови го извршил својот лет. Програмата за тестирање опфатила вкупно четири



прототипови на овој хеликоптер (вториот и третиот „AW169“ се приклучиле подоцна на програмата за тестирање на летовите во 2012 година, а четвртиот во 2013 година). Компанијата првично предвидувала дека „AW169“ ќе добие сертификација за лет во 2014 година поради претходната технологија и дизајните во оваа компанија. Во текот на 2015 година, Европската агенција за безбедност на воздухопловството (EACA) го издала сертифицирањето за „AW169“ што, сепак, е краток временски период од неговиот почеток на дизајн и развој.
На територијата на САД, прототип од хеликоптерот бил испратен на различни локации во Калифорнија во текот на 2015 година. Следувале тестови за летови на голема и мала надморска височина заради планираната сертификацијата од страна на Федералната управа за воздухопловство (FAA). Во февруари 2016 година, „AW169“ добил сертификација од FAA, овозможувајќи испораки од типот да се појават истата година на територијата на САД.
За потребната обука и тренинг, организацијата „Rotorsim“ иницијално етаблирана во 2003 година во Италија, покрај симултана обука за хеликоптерите „AW109 LUH“, „AW109 Power“, „AW109N“, „AW139“, „AW189“ и „NH90“, од 2015 година обезбедува и симулациски тренинг и обука за „AW169“.

## Дизајн и развој

Овој хеликоптер е со средна големина, тој е првиот и единствен нов воздухоплов во својата категорија во изминатите 30 години. Првото производство на моделите, односно варијантите на „AW169“ започнало во јануари 2015 година во фабриката на „AgustaWestland“ во Италија. Компанијата „AgustaWestland“ дизајнирањето и производството на различни компоненти на „AW169“ го реализирала и во своите производствени капацитети во Англија. Тоа се однесува на лопатките на главниот ротор, меѓуредукторот и опашниот редуктор, како и на целиот опашен ротор. Од истата година, производствената активност на „AW169“ започнала и во погонот во Филаделфија во САД.
Овој хеликоптер има богата опрема и различни системи на авионика, вклучително и стаклен кокпит со три дисплеи опремени со „интерфејси“ на екран кој е осетлив на допир, дигитални мапи, систем за следење на здравјето и употреба на очила за ноќно гледање. Употребата на дигитален систем за автоматска контрола на летот (Four-Axis Digital Automatic Flight Control System) и двоен систем за управување со летот, кој вклучува информации за сообраќајот, довело до овластување и можноста за летање од еден пилот според правилата за летање со инструменти (Instrument Flight Rules). Со конструктивно решение




Хеликоптерот „AgustaWestland AW169“ е релативно нов хеликоптер за кој компанијата на 19 јули 2010 година, во текот на „Farnborough International Air Show“, официјално ја објавила програмата за развој

се овозможува да се дозволи роторот да биде запрен, додека моторот продолжува да работи заради напојување на авиониката и на електричните системи.
Со тежина од околу 4500 кг и сместување на 5-11 патници, тој е нешто како среден модел, нешто помеѓу моделот „AW109GrandNew“ и многу поголемиот хеликоптер „AW139“ (6400 кг со 15 седишта). Двата мотори од „Pratt & Whitney Canada“ го намалуваат надворешниот шум и ја зголемуваат ефикасноста. Овој модел е првиот производствен хеликоптер од својата категорија што има опрема за слетување со електронско активирање. Голем дел од опремата и системите се инсталираат на барање на клиентот. Така, хеликоптерот „AW169“ може да биде опремен со сеопфатен целосен или ограничен систем за заштита од мраз, по потреба да биде конфигуриран со помошни резервоари за гориво, дигалка за спасување, кука за носење товар, помагала за флотација во итни случаи, надворешни камери, систем за заштита од удар во жица, конзоли со надворешни звучници и разни изведби за надворешно осветлување. Компанијата „Falcon Aviation Services“ од Абу Даби има порачки од хеликоптерот заради поинакви активности, како на пример хеликоптерски туризам, воздушно фотографирање и снимање, како и влечење на реклами во воздух.
ВИП варијантата вклучува намалување на бучавата и вибрациите со бројни раскошни дизајни во кабината. Во медицинска варијанта се предвидуваат носилки и инсталација на целосен медицински пакет. Во текот на 2013 година произлегува идејата за воена варијанта на хеликоптерот, позната како „AW169“ (Armed Aerial Scout – AAS, пандан на хеликоптерот „Eurocopter EC145“), но програмата била прекината без никакви набавки. Клиенти на компанијата за овој тип на хеликоптер не се само Европа и САД, туку бројни нарачки доаѓаат и од Јужна Америка, Азија, Блискиот Исток и Австралија.

Драган Павловски





# „CAIMAN“

## Оклопно возило на тркала заштитено од мини 6х6

„CAIMAN“ е оклопно возило на тркала заштитено од мини, отпорно на заседа. Првично беше развиено од страна на „Stewart & Stevenson Tactical Vehicle Systems“, отсек на „Armor Holdings“, компанија за тактички возила на Армијата на САД, која подоцна во јули 2007 година е купена од страна на компанијата „BAE Systems“

Возилата отпорни на мини беа главен дел на воените сили, како на пример, во Јужна Африка, уште пред да се случат инвазиите предводени од САД во Авганистан и во Ирак и да го насочат обновеното внимание кон нив. Овие инвазии болно го покажаа ограничувањето во издржливоста на оклопните возила способни да издржат бласт на експлозија, удар од RPG и напад од заседа, Покрај оклопните возила-гасеничари како што е „IFV M2 Bradley“, Армијата на САД беше принудена да се потпре на лесно заштитените камиони „HUMVEE“ и стандардните воени транспортери, што резултираше со лош приказ на почетокот. Така започна ерата на возилото „MRAP-Mine-Resistant, Ambush-Protected“, нова класификација на американската војска која опфаќа дизајн, способен



да издржи експлозии од скриени мини, експлозивни направи, оган од RPG и други опасности на бојното поле. Еден производ од тој период стана „BAE Caiman MRAP“, кој формираше дел од ново семејство американски воени возила под името FMTV (Family of Medium Tactical Vehicles). Неговата надградена форма стана „Caiman Multi-Terrain Vehicle (MTV)“ или (CMTV). Групата FMTV како целина веќе брои над 56.000 возила. Третото возило на „BAE Systems“ во категоријата на MRAP е наречено „Caiman“, се базира на ултрасигурната и докажана платформа Family of Medium Tactical Vehicles – FMTV и борбено докажаната оклопна кабина со низок потпис Low Signature Armored Cab – LSAC.

Возилото „Caiman“ е достапно во конфигурации 4x4 и 6x6. Двете варијанти на категорија I и категорија II ги вклучуваат демонстрираните компоненти со висок степен на преживување и едно од најодржливите возила во MRAP категорија кои се достапни денес. Маринскиот корпус на САД (US Marine Corps) има нарачано голем број од овие возила во обете конфигурации. Возилото користи конвенционален аранжман за автомобили во кој моторот се наоѓа напред, патничката кабина преку задниот дел и позицијата на возачот преку средниот преден дел. Растојанието од земјата е одлично и обезбедува силни теренски способности. Прозорските панели се сведени на минимум, а оние панели кои имаат прозори за поглед имаат стакло оторно на куршуми. „Caiman“ е дизајниран за мисии, вклучувајќи конвои, транспорт на војска, амбулантни возила и друго. Возилото има дизајнирно труп, капсула во V-форма, кој не се протега до просторот на моторот. Неговиот труп во V-форма помага да се одврати дел од влезната експлозија и седиштата отпорни на експлозија овозможуваат дополнителна преживување на екипажот. Оклопот на возилото обезбедува заштита од нагазни мини, импровизирани експлозивни направи, RPG (rocket-propelled grenade), рачен противтенковски фрлач на гранати и директен оган од вооружување до калибар 12,7 мм. Возилото „Caiman“, исто така обезбебедува и заштита од други напредни закани како што се експлозивно формирани пенетратори. Покрај инхерентната балистичка заштита обезбедена од дизајнот и материјалите што се користат за одделот за персонал, возилата може да бидат опремени и со подобрени оклопни пакети на заштита од




Основната верзија е вооружена со митралез 7,62 mm или 12,7 mm. Возилата може да бидат опремени со различни вооружени станици, рачно управувани од екипаж и далечински управувани вооружени станици

современи закани. Оклопот на овие возила, MRAP, секако може и да се подобри. Возилото е опремено со систем за автоматско гаснење на пожар.
Возилото „Caiman“ 4x4 се базира на LMTV (Light Multi-terrain vehicle) и „Caiman“ 6x6 на платформа MTV (Multi-terrain vehicle). Овие возила, заштитени од мини, имаат 85% заеднички делови со стандардните воени камиони на серијата FMTV (Family of Medium Tactical Vehicles) на Армијата на САД, кои се широко користени од страна на Армијата на САД. Со овој висок процент на заеднички делови со стандардните модели на FMTV, „Caiman MRAP“ ќе го одржи истото ниво на подготвеност, мобилност, услужливост и поддршка ширум целиот свет, исто како и повеќе од 36000 FMTV возила кои се веќе воведени во употреба. Оваа голема заедница на возила значи дека војниците се веќе обучени за поддршка на FMTV возилата и се запознаени со нејзините постапки за одржување, кои се поддржани од целосен синџир на снабдување. Тоа беше една од причините зошто овој MRAP беше избран од маринскиот корпус на Армијата на САД. Возилото има едноставен и надежен





автомобилски дизајн и лесно се сервисира. Цената на „Caiman“ исто така е релативно ниска, бидејќи повеќето автомобилски компоненти се произведуваат во големи количини и се лесно достапни. Овој MRAP се напојува со дизел-мотор со турбо полнење „Caterpillar C7“, развивајќи 370 КС. Возилото е опремено со систем за централна автоматска регулација на притисокот во гумите (CTIS). Останати карактеристики се и целосен погон на сите тркала, потполно автоматски менувач, антиблок систем за кочење (ABS) и „Class V Interactive Electronic Technical Manuals-IETM“. Искористувајќи ги своите капацитети за производство на тактички возила од светска класа во Сели, Тексас, „БАЕ системи“ во 2008 година произведуваа 300 возила „Caiman“ месечно за да ги задоволат итните потреби од MRAP. Тековните барања предвидуваат вкупно 1.154 возила од типот „Caiman“ од I категорија и 16 од II категорија, за да го исполнат договорот за MRAP вреден 518,5 милиони американски долари.

| ОПШТИ СПЕЦИФИКАЦИИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА „CAIMAN“ | |
|---|---|
| ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО | САД |
| ВЛЕЗЕНИ ВО СЛУЖБА | 2007 година |
| КОНФИГУРАЦИЈА | 4x4/6x6 |
| МЕСТА ЗА СЕДЕЊЕ | 2+10 |
| ТЕЖИНА | 20,86 тони |
| НОСИВОСТ | 3,8 тони |
| ДОЛЖИНА | 6,52 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,59 метри |
| ВИСИНА | 3,01 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | опционално, CROWS, MG 7,62 mm, 12,7 mm or ATGM 40 mm |
| МОТОР | Caterpillar C7 diesel |
| ТРАНСМИСИЈА | автоматска Allison 3700SP |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 483 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 105 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТ. ПРЕПРЕКА | 0,5 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 0,5 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 09 м |
| КОМЕРЦИЈАЛНО ДОСТАПНИ ДЕЛОВИ | |

Првичните возила беа испорачани во рок од шест недели по доделувањето на договорот, а сите возила беа доставени пред крајот на февруари 2008 година.

„Caiman MTV“ е достапен во три варијанти: оклопен транспортер; амбулантно возило; командно возило (C2OTM - Command & Control On-The-Move). Познати се следните типови: „Caiman“ – основна варијанта; „Caiman MRAP“– стандардни возила отпорни на мини; „Caiman MTV“ – подобрена верзија „Caiman MRAP“; „Caiman MTV“ (MED) – оклопни амбулантни возила; „Caiman“ карго камион (C2T), карго варијанта со израмнет заден дел.

Ажурираниот MRAP на „Caiman“, „Caiman MTV“, обезбедува поголемо ниво на преживување и мобилност за управување во предизвикувачки и непредвидливи средини. „Caiman MTV“ интегрира обновена и подобрена оклопна капсула од постоечката на „Caiman  MRAP“ со нов автомобилски погонски агрегат со голема моќност, шасија и независна суспензија.

Големиот употреблив внатрешен волумен под оклопот е оптимален за различни мисии, вклучително и транспорт на војска со капацитет на екипаж од 10 лица, амбулантни возила со четири легла со придружник и возило за команда и контрола на операциите при движење. Возилото обезбедува ефективна комбинација на внатрешен капацитет, тактичка подвижност, удобност на операторот и преживување. „Caiman“ MTV постигнува поголемо преживување преку подобрен монолитен под, зајакната рамка на шасијата и високо ефективните седишта што апсорбираат експлозија.

Подобрената подвижност на возилото се постигнува со поголема ширина на патеката на возилото, силна независна суспензија и надграден погонски систем.

Надградената внатрешност вклучува надграден систем за контрола на температурата HVAC, за да ги заштити војниците и критичната компјутерска опрема од екстремно топли и студени температури. За тактичко возило со својата големина, „Caiman MTV“ обезбедува високо ниво на перформанси во различен терен, обезбедувајќи оптимална стабилност, агилност и носивост.

Оператори на „MRAP Caiman“ се САД, Египет, Ирак, Либија, Нигерија, Обединетите Арапски Емирати и Јемен.

Идриз Идризоски



# Влечна хаубица „М777“ 155 мм

Производител на „М777“ е „BAE systems“ од Велика Британија. Делови од хаубицата кои се изработени од титаниум, како и одредени склопови од повратникот и кочницата на хидроеластичниот систем се произведуваат во „Barrow-in-Furness“ во Велика Британија, а остатокот од сите склопови и делови, како и тестирањето на хаубицата се во капацитетите на „BAE systems“ во Hattiesburg, во Мисисипи, САД.На самите почетоци „М777“ била развивана како ултра лесна хаубица на земската артилерија или UFH (Ultralight Field Howitzer) од страна на VSEL – Vickers Shipbuilding and Engineering's во Barrow-in-Furness во Велика Британија. После производството на првите прототипи на хаубицата, капацитетите на VSEL ги купува „BAE systems“ и продолжува понатаму да ја развива хаубицата и истата го добива името „М777“. Денес од целата хаубица, 70% од деловите се произведени во САД, вклучувајќи ја и цевката на хаубицата која се произведува во капацитетите на „Watervliet Arsenal“.
„М777“, всушност, е орудие кое е наследник на „М198“. Една од најкарактеристичните одлики и разлики помеѓу двете хаубици е тежината. Со употребата на одредени склопови од титаниум, кај „М777“ тежината изнесува 4200 kg и за разлика од тежината на „М198“, која е 7,154 kg, е многу полесна и поедноставна за употреба.
Карактеристиките на „М777“ овозможуваат да биде транспортирана со подигање со хеликоптер со специјален сет на опрема за врзување и фиксирање со хеликоптерот „CH-47 Chinook“. Во случај на потреба од авионски транспорт, габаритот на хаубицата овозможува да се сместат и да се транспортираат повеќе хаубици во внатрешноста на транспортниот авион. Бројот на хаубици кои се транспортираат во авионот зависи од типот на авионот и во просек се движи од 2-3 хаубици. Конкретно, на тип на авион „C-130“ може да се натоварат две хаубици „М777“.

Славчо Кузманоски

> Влечната хаубица „М777“ 155 мм е артилериско орудие за огнена поддршка на копнените сили. „М777“ е во употреба во повеќе земји: САД, Австралија, Канада, Индија и Саудиска Арабија. За прв пат е оперативно употребена во војната во Авганистан

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХАУБИЦАТА „М7773 155 мм | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 155 mm |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Рачно |
| ДОСТРЕЛ | - 24 km (со проектил M107)<br>- 30 km (со проектил ERFB)<br>- 28,7-37 km (со проектил M795)<br>- 40 km (со проектил Excalibur) |
| ТЕЖИНА НА ХУБИЦАТА | 4200 kg |
| ДОЛЖИНА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 9,5 m |
| ДОЛЖИНА ВО БОРБЕНА ПОЛОЖБА | 10,7 m |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 5,08 m |
| ПОСЛУГА | 1+7 |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД МАРШЕВСКА ВО ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА | 2 минути и 10 секунди |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 2 минути и 23 секунди |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | 46 степени |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од 0 степени до 71,7 степени |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 2 проектили за една минута – нормален режим<br>7 проектили за една минута – максимален режим |
| МУНИЦИЈА | M107 |
| | ERFB – Extended Range Full Bore |
| | M795 |
| | M982 Excalibur |



# Калтроп

Калтроп е едно мало, едноставно оружје, кое со векови било користено од многубројни војски, но честопати ова оружје било занемарувано од страна на воените историчари. Но, од друга страна, пак, тие што имале несреќа да го искусат на бојното поле, сигурно долго им останал во лошо сеќавање. Калтропот е идеално пасивно оружје – со едноставна конструкција, евтино и лесно за производство, не бара посебна вештина или обука за употреба, лесно преносливо, нема потреба од одржување или подготовка, може брзо да се поправи и, пред сè, оружјето е исклучително ефикасно

Калтропот може тешко да повреди, дури и да убие или оневозможи безброј војници, коњи, камили, слонови, па дури и неборбени и борбени возила со пневматски гуми. Калтропот е тивко, подмолно и секако не така славно оружје како другите оружја, но калтропот има малку обожаватели. Од друга страна, пак, никогаш не бил осудуван на ист начин како што било случај со самострелот, отровните гасови, минa... минате и цел арсенал на друго подмолно оружје, антички и современо. За разлика од другите оружја, никогаш не бил целосно заменето со современи наследници. Се работи за направа со мали димензии која најчесто се состои од четири шилци споени во купче, поставени на таков начин што кога трите шилци лежат на земја, четвртиот секогаш е насочен нагоре. Да се стапне врз него, значело да се ризикува да се добие посекотина или прободна рана, болна и тешка за лекување, што можело да резултира со сериозна инфекција или бавна смрт. Според тоа, калтропот има блиска врска со ловечките замки со клопки, колци, ровови и јами што се користеле поединечно или во комбинација за да се заплеткаат или да се повредат нозете на животните.



Името калтроп е изведен од латинскиот збор „calcitrapa“, што во буквален превод значи стапица за стапало. Под истото име е познат и еден вид на плевел „Tribulus terrestris“, чија форма и функција се слични на оние на оружјето. Грците го нарекувале тетраедрон или триболос, повторно заради неговата форма. Позајмувајќи го грчкиот збор, како што тоа го правеле често, Римјаните го нарекувале трибул, но го нарекувале и мурекс, заради неговата сличност со школката мурекс од која Тирijците ја добивале својата позната виолетова боја. Под широк спектар на имиња, како што се калтрап, галтроп, коњски стапици, вранини нозе, чички, тетраедрон, тетраедар, трибул и други, калтропот постојано се појавувал во воената историја низ цела Европа, Азија и Северна Африка и на крајот во Новиот свет. Како што е случајот и со повеќето стари оружја, потеклото на калтропот останува обвиткано во мистерија. Неговата најрана употреба, за која има запишани траги, е во Персија, во

битката кај Гавгамела на 1 октомври 331 година пр.н.е. Како и да е, во записите напишани од историчарите 500 години после битката, се тврди дека персискиот крал Дарие Трети поставил врз дел од теренот пред својата војска направи кои биле нарекувани „вранини нозе“, за да ја ограничи слободата на движење на непријателот, но војската на Александар Велики веќе била свесна за тој нов изум, па била во можност да маневрира околу тие направи, да навлезе во персиските борбени редови и да ја освои победата. Александар Велики, по победата кај Гавгамела, но и неговите наследници, го сметале калтропот за оружје кое вреди да се употребува. По смртта на Александар, неговите наследници во борбите за надмоќ и територија во огромното царство, исто така го користеле калтропот. Во наредните војни меѓу различни војски масовно се користеле калтропи и во форма на дрвени топчиња со метални шилци, кои формирале важна компонента во одбраната на теренот и логорите и во периметарската заштита на фиксните утврдувања. Засеани на бојното поле, а понекогаш и делумно закопани, тие биле многу потешки за откривање од сложените системи на јами и колци и служеле за обесхрабрување на нападите врз ранливите сектори на борбената линија. Се разбира, густиот појас на калтропи ги ограничувал и движењата на сопствените трупи, но тоа била мала цена за да се плати безбедноста што ја давале. Иако не биле веднаш смртоносни, тие предизвикувале рани што го намалувале моралот на непријателот. Погледот врз повредите нанесени на коњите или војниците од калтропите, правел пешадијата и коњаницата да се чувствуваат непријатно при напредувањето преку теренот кој би можел да биде посеан со подмолните калтропи, така што биле ограничувани и нивните офанзивни способности. Покрај тоа, соодветното поставување на калтропите била одлична гаранција против опасноста од ноќен или ненадеен напад. Римјаните, со својата вообичаена флексибилност во однос на оружјето, бргу и често почнале да применуваат калтропот во многу битки.



Средновековното време во Европа било мошне насилно, со битки кои се воделе низ целиот континент, па така биле развиени најразлични средновековни оружја за разни цели. Калтропите биле меѓу оние средновековни оружја кои биле дизајнирани за одбранбени цели. За време на средновековието, калтропот главно го користеле пешадиските војници, бидејќи за разлика од другото средновековното оружје, тоа било релативно евтино. Главната цел на средновековниот калтроп била да ги повреди копитата на коњите и со тоа да се запре напредувачката коњаница. Калтропите се расфрлале на одредена микро локација во одредена област. Бидејќи тоа биле мали средновековни оружја, напредувачките армии не можеле да го детектираат нивното присуство, сè додека не било предоцна. Така, средновековниот калтроп ефикасно служел за одбрана. Постоеле различни видови и форми на калтропи, иако во средновековието најчесто како одбранбено оружје се користеле железните калтропи. Калтропите се користеле и во средновековна Јапонија, каде биле познати како макибиши. Калтропите биле исклучително ефикасни и достапни како средновековно одбранбено оружје. Ова не се должи само на тоа што тие ефикасно го запирале напредокот на напаѓачките војски, туку и затоа што тие биле мошне евтини и затоа не ги оптоварувале финансиите на одбранбените армии. Калтропите главно служеле како прва линија на одбраната во комбинација со другото оружје сокриено во позадината. Во тоа време, калтропот се користел низ цела Европа, Азија и Северна Африка. Како што одминувало времето, популарноста на калтропот се намалувала, пред сè поради зголемената употреба и подобрувањето на оружјето на барут. Калтропите биле користени за одбрана при опсадите, каде биле расфрлани на одредени правци за да се спречат ненадејни напади. Леонардо да Винчи дури и дизајнирал машини за фрлање корпи со калтропи во правец на непријателот. Иронично, исто како што калтропот паѓал во заборав во Европа, тој нашол краткотрајна употреба во Новиот свет. Првите англиски доселеници ги користеле калтропите затоа што биле идеални за обесхрабрување на американските Индијанци при нивните ненадејни напади. Повеќето калтропи биле мали, а некои индиски примери, од друга страна, дизајнирани за употреба против слонови, биле релативно големи и сложени. Без оглед на нивната големина, сепак, калтропот е опасен и за човекот и животните. Всушност, тоа е толку моќно средство за инфекција изложено на загадување од почвата и временските услови, што се чинело дека нема потреба од намерна употреба на отров. Употребата на средновековните калтропи не престанала, иако формата на овие средновековни оружја постојано се рафинирала со поминување на времето. Така, средновековните калтропи престанале да се користат во нивната оригинална форма и биле заменети со разни други современи форми кои биле поефикасни за модерното војување.

Во различни форми калтропот бил користен и во двете светски војни, а повторно нашол своја употреба за време на Корејската војна, кога американските воздушни сили фрлале калтропи врз кинеските конвои за да ги дупнат гумите на нивните возила. Американците, исто така, ги фрлале и врз патеката Хо Ши Мин, за време на војната во Виетнам. Денес, само во различни форми, калтропот се употребува за сопирање на сите возила на гуми, а го користат и некои криминални и терористички организации, како и војската и полицијата.

Александар Стојчевски






# Оливера Вера Јоциќ,
## народен херој

Оливера Вера Јоциќ била родена во Сингелиќ, Скопско, на 21 август 1923 година, а загинала на 22 мај 1944 година кај Саса, Делчевско. Таа е партизанка, македонски првоборец. Била прогласена за народен херој на 20 декември 1951 година

Вера Јоциќ е родена во семејство кое по Балканските војни ја напуштило Србија и се преселиле во Синѓелиќ, Скопско. Оливера, или Вера, како гимназијалка станала членка на СКОЈ во 1941 година. По Априлската војна со своите сестри заминала за Ваљево, Србија, каде се приклучила во Јастребачкиот партизански одред и била примена во КПЈ во октомври 1941 година. По нелегалната партиска дејност во Ниш, во зимата 1942 година, ги продолжила партизанските дејства во Јастребачкиот, па во Врањскиот партизански одред. Таа се разболела поради изложеноста на многу ниски темпаратури, а и нејзините нозе премрзнале. Најпрво била лечена низ околните села, по што било решено да се пренесе во Ниш на лекување. Таму се вработила во фабриката за тутун, каде продолжила да агитира и да ја врши својата револуционерна дејност. Во знак на благодарност, подоцна во дворот на истата фабрика е поставена нејзина биста.
Од крајот на1943 година била заменик-политички комесар на Третиот кумановски партизански одред и на кумановските баталјони „Орце Николов“ и „Христијан Тодоровски-Карпош“, а од 24 февруари 1944 година и на Првиот баталјон на Третата македонска народноослободителна ударна бригада. Учествувала во Пролетната офанзива која се одвивала во мај и јуни 1944 година, при што единиците од Кумановско изведувале пробив кон Беласица и Егејска Македонија. Задачата да се пробие обрачот од бугарски војски му се паднала на баталјонот во кој била член Вера Јоциќ. Во тие борби, кај селото Страцин, Кумановско, на 20 мај 1944 година, таа го извела првиот јуриш кон бугарските сили, по што била тешко ранета. Партизаните ја извлекле, и ја носеле на шаторско крило три дена и три ноќи. По три дена, починала кај селото Саса, Делчевско.
Во нејзина чест, едно основно училиште во општина Гази Баба го носи нејзиното име. Во Делчево една улица го носи нејзиното име.
За народен херој била прогласена на 20 декември 1951 година.
Вера Јоциќ е воспеана во прочуената песна „Очи“ од Ацо Шопов.

Антоанела Димитриевска

### Очи

Три дена на раце те носевме збрана,
со тага и болка на погледот срчен,
и секоја капка на твојата рана
ко крвава жар ни капеше в срце.
Другарите беа и морни и гладни
со згорени грла и свиени плеќи
со тап бол се впија во очите ладни
и жалеа оти не ќе пламнат веќе.
Но јас знаев оти пак ке вивнат в жарој
и борците под нив ќе цветат и раснат,
в студените утра ќе греат ко сонце
и никога нема да стијнат и згаснат.
Последната вечер в планинското село,
кај борците беа со дрипава дреа,
со пликови жешки на стапал тешки,
и смрштени чела – згасени, мразни
ко нивните пушки укочени, празни,
и нечујно, глуво, ко здушена реја
се точеше шепот од уво до уво:
“Утре, друже, в зори, страшен бој не чека,
а ние сме малку, – сал неколку души…”
И кога ко игла ти прободе уши –
ти растресе снага и размолска тага,
со лунјени очи широки и волни
ги расече в ноќта здивените молњи!
Ко тогај, ко тогај, о другарко, помниш –
в смрзнатата вечер на пролетта рана,
кај нашата младост и првата радост
ја косеше луто куршумната слана,
а ти чело збрчка, ко тигрица рипна
и летна во ноќта крвава и црна, –
со своите очи што ригаа пламен
ги растопи чашкум челичните зрна…
И после! И после – в последната вечер…
јас нејќам да мислам што потаму стана,
прошталниот шепот ти замрзна в усни,
ти гореа очи под веѓите густи!
Со нивниот пламен и со клетва света,
на заседа тргнав сред мојата чета.
А утринта кога зрив чела ни спраши
ти не беше веќе в редовите наши,
но скипеа борци со одмазда жолчна,
и видов! о видов – кога бојот почна
развихреа сите со твојата сила –
ко елени брзи и лесни ко птица.
А твоите очи се искреа гневно
во нивните потни, распалени лица…
Три дена на раце те носевме збрана,
со тага и болка во погледот срчен,
и секоја капка од твојата рана
ко крвава жар ни капеше в срце.

Ацо Шопов



# Берлинскиот ѕид –
## обелискот на источногерманската политика

Епилогот на Втората светска војна изобилуваше со планови за реорганизација, репарација и рестартирање на разурнатите општества од најмасовната војна дотогаш позната на светот. Германија, или она што остана во урнатините на Третиот рајх, значително повеќе се соочуваше со извршување на своите повоени обврски во насока на санирање на штетите кои ги предизвика воено-политичкото раководство од војната, отколку на правата кои би требало да ги ужива една држава на меѓународно ниво. Сојузничките сили се ангажираа овие обврски потполно да бидат испочитувани, па за таа цел на Конференцијата во Јалта (февруари 1945 година) се одлучи Берлин да биде поделен на зони на одговорност, како полесно би се менаџирала реставрацијата на општествениот елемент. Оригиналната идеја за оваа поделба беше со здружени сили и еднакво поделени одговорности да се постигне заедничката цел – повторно заживување на Берлин и на германското општество. Сепак, она што реално се случи повеќе наликуваше на остварување на своите индивидуални политички цели и во својата зона на одговорност, овозможено од присуството на терен, од страна на секој од присутните сојузници во Берлин. Набргу нетрпеливоста помеѓу сојузниците, особено помеѓу Советскиот Сојуз и САД, прекинаа да се прикриваат и станува сè поотворени, поодлучни и поопасни по европскиот и светскиот тукушто заживеан мир. Ваквата нетрпеливост помеѓу сојузниците кулминира со блокадата на Берлин од јуни 1948 година до мај 1949 година.

Политичкиот одговор на Советите со воспоставувањето на блокадата на Берлин, освен што претставуваше реакција на идејата за обединување на западните области на Берлин и создавање на Западна Германија, несомнено одеше во прилог на целта да предизвика повлекување на сојузничките сили надвор од Берлин поради недостаток на неопходни снабдувања за нормално функционирање. Ова политичко фијаско, испровоцирано од западните сојузници, а приредено од Советскиот Сојуз, не само што се одрази на штета на обичното граѓанство на Берлин, туку и значително го привлече вниманието на меѓународната јавност

кон фактот дека односите помеѓу главните диригенти на судбината на Берлин не се потполно пријателски. После мај 1949 година, веќе стана јасно дека во периодот што следува, ќе се очекува воено и политичко наддавање помеѓу САД и СССР на секое поле и во секој поглед, пропратено со силна и енергична пропаганда дека, она што го прави довчерашниот сојузник, не само што е погрешно, туку и значително опасно по сопствените визии за светскиот мир. Од овој момент, кога односите помеѓу некогашните сојузници станаа исклучително конфузни, лицемерни, па и непријателски, започнува Студената војна.
Деценијата која следуваше, изобилуваше со рекалибрирање на воено-политичките активности кон суптилно демонстрирање на успех и сила, внимателно набљудување на постапките на ривалот од другата страна на „железната завеса“ и зацврстување на политичкото влијание и доминација во својот окупиран дел од градот. Токму во овој период адутот кој го имаа Советите, она на што беа особено горди и предничеа пред западните колеги, беа успесите во „вселенската трка“ која ја отпочнаа без особена најава. Испраќањето на сателитот Спутник во вселената во 1957 година беше самиот врв на модерното технолошко достигнување и презентирање на супериорност, дури и надвор од земјините граници. Она по што не беа особено горди Советите, беше постојаниот наплив на граѓани кои сè почесто мигрираа од источниот кон западниот дел од градот во потрага за подобар живот.Имено, она што ги загрижуваше источногерманските власти, беше тоа што овие мигранти беа исклучително добро профилирани во своите дејности – наставници, доктори, искусни работници, инженери, при што после мигрирањето со своите семејства, останувaа надвор од границите на Германската Демократска Република. Дотогаш обичните берлинци секојдневно ја поминуваа границата едноставно за да стигнат на своите работни места, да набават намирници и да ги уживаат културно-забавните особености кои ги нудеше спротивната страна на градот за разлика од онаа на којашто живееја. Сепак, работите станаа далеку посериозни кога во одреден момент, значителна бројка од источниот дел на градот, мигрираше и не се враќаше назад. Сето ова придонесе веќе во 1958 година, кривата на тензиите повторно да почне да зазема нагорна насока.
Многу често почнаа да се одржуваат самити и конференции, на кои една од точките беше контролата и менаџментот на границите, како и односот кон „феноменот на миграција“ кој на еден начин претставуваше директен удар на Советскиот сателитски систем, и тоа самиот центар на Германската Демократска Република (ГДР). Сепак, овие официјални состаноци не вродија со плод, од едноставна причина што едните не беа сосема искрени и достојни ова да го посочат како проблем, а другите ја уживаа перспективата дека тоа претставува доволно јасен доказ за нефункционалноста на источниот систем.
Во меѓувреме, константните колони на граѓани кои мигрираат, продолжуваат во текот на 1961 година, за само во јуни бројот на граѓани кои ја напуштаат ГДР низ Берлин да достигне 19.000. Веќе следниот месец од Источен Берлин мигрираат дополнителни 30.000 граѓани, што е најголемата бројка забележана дотогаш на население кое ја има преминато границата во еден месец. Во првите 11 дена од август уште 16.000 Германци од источен Берлин пребегнуваат во Западен Берлин, а на 12 август уште дополнителни 2.400, што е забележано како рекордна бројка на граѓани кои мигрирале од источен во западен Берлин во само еден ден. Ова веќе оддаваше сериозни индикации дека источната германска влада треба да преземе нешто за да ги задржи своите граѓани доброволно да прекинат со масовните миграции кон западот, што во суштина би бил значително долг процес. Познати по пристрасноста кон донесување на смели и брзи политички одлуки од масовни размери, кои треба да се извршат час поскоро и со поддршка на премиерот на Советскиот Сојуз, Хрушчев, источната германска влада, со намера да го прекине бранот на мигранти, пристапува кон потполно затворање на контролните точки и изградба на физичка препрека долж границата со западните сектори на Берлин. Веднаш наредниот ден отпочнува организацијата за изградба на бариерата која ќе го спречи трендот на миграција од источен кон западен Берлин, така што во само две недели, воените сили на Источна Германија, полицијата и значителен број на градежни работници, доброволци, успеаја да изградат привремен импровизиран ѕид од тули, обрабен со бодликава жица, кој ќе стане основа за она што подоцна ќе се нарече„Берлинскиот ѕид“ и официјално физички ќе го подели градот на источна и западна страна.
Во ретроспектива, неколку години преходно, иако првичната идеја беше границите воспоставени во Берлин да бидат формални обележја на договорените области на окупација и контрола на сојузниците, сепак реалната ситуација во почетокот на шеесеттите години укажуваше дека границата која го подели градот на источен и западен, доби особености на строго контролирана државна граница. Со други зборови, идејата за







разграничување на секторите (особено западниот и источниот) зема далеку посериозни размери од нејзината иницијална форма.
Привремената бариера од бодликава жица и тули, набргу почна да се заменува со бетонски блокови, што ја доби основата за карактеристичниот изглед како што беше до крајот на осумдесеттите години. Во наредните две децении, источногерманската влада непрекинато се ангажираше во подобрување на Берлинскиот ѕид и негово дополнително утврдување.
До почетокот на осумдесеттите години Берлин го делеше гигантска бетонска структура долга 45 километри само во внатрешноста на Берлин и дополнителни 120 километри околу западен Берлин. Берлинскиот ѕид во својата финална форма се состоеше од армирани бетонски блокови високи скоро пет метри, а широки еден метар, со мазна голема цевка на врвот, чија задача беше да спречи евентуални проби за прекачување на ѕидот.
Покрај самиот ѕид беше изграден и внатрешен ѕид, околу 300 метри во внатрешноста на источната страна, со цел да направи тампон зона помеѓу ѕидот поблизок до западот. Оваа зона беше постојано патролирана од страна на источногерманската полиција и војска со службени кучиња. Како дополнителна мерка за попречување на евентуалните премини беа поставувани препреки во облик на бодликава жица, ровови за попречување на возила, електрични огради, па дури и мински полиња.
Дополнително, на одредени места кои овозможуваа солиден сектор на набљудување беа издигнати вкупно 302 набљудувачници со системи за осветлување, а на места кои беа проценети како клучни за одбрана на ѕидот и контрола на недозволените премини беа изградени дури и дваесетина бункери.
Ако до почетокот на шеесеттите години преминот од источната на западната страна на берлинските сектори беше под рестрикции, до почетокот на осумдесеттите години на дваесеттиот век, можеше да се каже дека е во најмала рака невозможен за обичниот граѓанин. Единствениот легален начин за премин низ Берлинскиот ѕид беа трите контролни точки: Хелмштед (Контролна точка „Алфа“), Драјлинден (Контролна точка „Браво“) и во центарот на Берлин на Фридрихштрасе (Контролна точка „Чарли“). Со тек на времето источногерманската влада успеа да изгради дванаесет контролни точки долж ѕидот, но, сепак, најпознати и најактуелни беа овие три. На секоја од контролните точки источногермански граничари ги прегледуваа дипломатите и останатите официјални претставници, пред да им биде дозволено да влезат или да излезат, додека за граѓаните на источен Берлин, преминот преку границата беше дозволен само во одредени случаи.
Идејата за изградба на Берлинскиот ѕид беше олицетворение на комунистичкиот процес на решавање на општествени предизвици, чиј резултат секогаш беше од гигантски размери, наменет за широките народни маси, често донесуван во краток временски период и со сомнителна функционалност и етичност. Оневозможувањето на слобода на движење на источните берлинци надвор од границите на ГДР, не само што лесно се етикетира како причина повеќе за потхранување на егото на тогашните источногермански владејачки структури и нивните безрезервни потези за додворување кон Кремлин, под изговорот дека сè што треба може да се најде во Источен Берлин, туку важи за сериозен доказ дека источногерманското граѓанство не беше воопшто задоволно од начинот на којшто функционира обновеното германско општество под покровителство на победниците од истокот. Во годините што следуваа незадоволството на источноберлинското граѓанство растеше правопропорционално со мерките и активностите на владејачките структури.. Многу често ова второто беше позастапено од она првото, а Берлинскиот ѕид остануваше да сведочи за развојот на политиките и од едната и од другата негова страна и често претставуваше последниот бедем на кој завршуваа човечки животи во неуспешните обиди за бегство кон западниот дел на градот.



м-р Бојан Миклош



# Леонида Ј. Тодоровски
## Анонимна легенда

Леонида Тодоровски е роден во Битола во 1912 г., каде и починал во 1983 година. Живеел во држава каде историјата ѝ го менувала името и владетелите, исто како и неговото име и презиме. Бил евидентиран како Леонида Вукојадис, според некои негови предци, потоа Леонидас Тодоровиќ, па Леонида В. Тодоровиќ, за самиот да стави печат на својата личност како Леонида Ј. Тодоровски. Целиот свој живот бил и останал видна и почитувана личност на некогашното југословенско, а посебно на македонското и на битолското поднебје. Леонида, кого имав чест и лично да го познавам, бил умно и интелигентно момче со постојана желба за учење и нови животни откритија, а благодарејќи на неговото семејство, голем дел од неговите желби и поставени цели биле и реализирани. Ја реализирал

Леонида Ј. Тодоровски претставува несекојдневна и своевидна легендарна личност од ова поднебје која оставила историски белег во сите сфери на своето лично и професионално делување и битисување

и неговата желба да се вивне кон небеските височини со авион, но и да се одмери во правораздавањето низ судските системи.
Со лична замисла, но и родителска поддршка, зачекорил првенствено кон пилотската кариера во воената авијација. Својата кариера ја започнал уште во некогашната југословенска кралска авијација, кога конкурирал на



објавен конкурс за прием на резервни офицери-пилоти. Со високите квалитети и училишни резултати што ги поседувал бил примен без никакви забелешки. Неговото пилотско школување е документирано во некогашниот Годишник на југословенското воздухопловство издаден во 1936 година. Во евиденцијата на оваа публикација, оригинално насловена како „Годишњак југословенског ваздухопловства 1936 г.“, тој се сретнува под името Тодоровиќ Леонидас, ученик-офицер на 18. класа на пилотската кралска воена школа на Првиот воздухопловен полк во Нови Сад (Република Србија). Обуката била реализирана на авионите од типот „Бреге 19“. Избраните кандидати





во оваа класа на воени пилоти биле селектирани како кандидати со врвни квалитети. Меѓу нив бил и еден од првите познати партизански пилоти, Рудолф Руди Чајавец. Имено, како први партизански пилоти во историјата на новоформираната југословенска држава (СФРЈ) беа наведувани и изучувани Руди Чајавец и Фрањо Клуз. Почитувајќи ја нивната борба и пилотски постигнувања, по нив беа именувани и голем број фабрики, аероклубови и производствени капацитети во поранешната држава. А, токму на „таблото“, кое е сведоштвото за завршената 18. класа на пилотска школа во Нови Сад, фотографиите на Леонида Тодоровски и Фрањо Клуз се наредени во иста низа, една преку друга.
Во текот на 1937 г., повторно според податоците од Годишникот на југословенското воздухопловство, Леонида стекнал и пилотско овластување да може да управува и да реализира летови со авиони за т.н. туристички цели, што би значело воздушен превоз на цивилни лица. Но, Леонида не застанал тука. Оддалечен од родната Битола, тој донел одлука да го надгради своето знаење и на полето на правните науки и да заврши и правен факултет. Како и сè друго, сам си ја поставил и оваа нова цел до која требало да стигне со упорно учење. Завршувајќи го правниот факултет, според тогашниот систем, тој бил испратен на деветмесечно стажирање во Босна.
Воените бранувања низ цела Европа кон крајот на 1939 г., довеле Леонида Тодоровски да биде мобилизиран во воена воздухопловна служба на аеродромот во Скопје. Овде го дочекал и фашистичкиот напад на германските авиони кои го означувале почетокот на Втората светска војна. Притоа, најголемиот број авиони лоцирани на просторот на Куманово, Скопје и Струмица, биле целосно уништени. Не размислувајќи за својата лична судбина, не ја дочекал ни евакуацијата на пилотите од овој простор. Веднаш после потпишувањето на капитулацијата од тогашната кралска држава, бил пренесен кон островот Вис каде требало да го дочека продолжувањето на патувањето – евакуација на пилотите, главно, кон Египет. Но тоа не се реализирало во договореното време.
Во недостаток на соодветно видливо решение, Леонида земал пушка в раце и се приклучил на Народноослободителното движење со кое ја дочекал и слободата во новоформираната југословенска држава, а тој самиот повторно бил вратен во воената воздухопловна служба на аеродромот во Земун (Србија). Овојпат бил позициониран како „штурмовик“ на авионите од типот „Ил-2“, но за крстко време повторно бил вратен во Скопје како пилот на авионите од типот „Дорние 17К“, и повторно за кус временски период.
Завршувањето на војната и создавањето на новоформираната југословенска држава барало и формирање на нови управни и административни државни институции и органи. При воспоставувањето на новиот Врховен суд на тогашна Југославија биле потребни и поголем број едуцирани правници. Во таа насока, тогашното државно раководство донело одлука дека Леонида Тодоровски би бил од поголема корист доколку биде ангажиран како формиран правник, отколку како воен пилот. Со ваквата одлука Леонида се нашол во редот на судиите на врховниот суд како прв и единствен Македонец во тој период.
Истовремено, во периодот пред неговото заминување во Белград, тој своето огромно воздухопловно знаење и искуство го ставил на располагање на битолските активисти кои биле поборници за повторното формирање на аероклуб во Битола. На почетокот на функционирањето на аероклубот, Леонида бил и учесник на воздухопловни кружоци кои се одржувале во овој град. Со ваквата активност Леонида Тодоровски кон крајот 1947 г., учествувал во повторното формирање на аероклубот во Битола. Со тоа се впишал во групата на активисти-основачи на овој аероклуб и станал негов член од самото формирање.
После враќањето од Белград, тој постојано бил присутен при развивањето на аероклубот и во неговите активности, сè до деновите на неговата длабока старост. Се сеќавам дека често сакаше да седне и во аероклубските авиони и едрилици, а непосредно учествуваше во организацијата на сите натпревари и манифестации на аероклубот. Со својот ведар дух, питом карактер и лична ангажираност, тој секогаш беше почитуван од битолските правници и воздухопловци, но и од поширoката битолска јавност. Поради активната улога во спортското воздухопловство, во повеќе наврати бил избиран за претседател на аероклубот, сè до неговото назначување за доживотен почесен претседател. Во името на битолскиот аероклуб, повеќе пати бил делегиран и во раководните органи на републичкиот Воздухопловен сојуз на Македонија (денешна Воздухопловна федерација на РСМ).
Со своите напредни идеи и воздухопловни вештини, Леонида Ј. Тодоровски остана да живеее во колективната меморија на своите сограѓани, а посебно во меморијата на генерациите воздухопловци кои доаѓаа. Овој текст ги врати и моите сеќавања на него, а нека ја освежи меморијата и на сите оние кои го подзаборавиле.

Ѓорги Чачкиров



# Жените со попреченост и нивните права: инклузивна револуција

**Жените со попреченост не треба да бидат изоставени од процесот на донесување одлуки во општеството или заедницата. Потврдено е дека, доколку им се даде шанса, жените со попреченост имаат многу да споделат и да кажат за прашањата што ги засегаат**

Во Гватемала, животот е многу комплициран, а тоа особено се однесува на жените со попреченост од руралните области кои имаат мал пристап до образование, работа, здравствена заштита и други услуги. Тие се поранливи и сѐ почесто се цел на насилство. Притоа, службите што обезбедуваат поддршка за жртвите на родово насилство, како што се физичката пристапност и знаковниот јазик, ретко им се достапни. А, во традиционалните семејства, пак, на нив се гледа како на „лица со помала вредност“ за семејството, бидејќи од нив не се очекува да имаат работа или да го напуштат семејството . Затоа и стануваат „товар“ на истото. Така, иако Гватемала ја ратификувала Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, нема домашни и конкретни закони што ги штитат таквите лица. Карактеристичен пример е националниот закон за ограничување на насилството врз жените кој воопшто



Жените со попреченост во Гватемала се соочуваат со невообичаена стапка на насилство. Една локална заедница, Мујерес, се залага за системски реформи преку организирање на истражување, како и преку уметноста. Во овој напис Рејчел Тарди разговара со феминистиката Валентина Варгас Рика, како и со Флоридалма Боцел и Вивијан Квискина од заедницата во врска со нивната работа.



не споменува насилство врз жени со попреченост, за кое, пак, се знае дека мора да се реши на посебен начин. Но, иако нема конкретни податоци за насилството врз жените со попреченост во Гватемала, искуствата од други земји велат дека 80 проценти од жените со попреченост се жртви на насилство и дека жените со попреченост имаат четири пати поголема веројатност да доживеат сексуално насилство отколку жените без попреченост.
Некои истражувања укажуваат на искусено насилство, а и има и повеќе јавно познати примери на жени со попреченост кои доживеале насилство, но се принудени да останат дома од страна на нашите семејства. Воедно, треба да се нагласи дека и исклученоста од образовниот процес, како и одземената можност за работа се форма на насилство. Тоа се причини поради кои жените не можат да ги остварат своите човекови права. На ова треба да се додаде дека е исклучена и можноста за учество во различни политички, економски и социјални простори, посебно ако станува збор за домородно население.

## Како пандемијата влијае на работата и активностите?

Првично, пандемијата има негативно влијание врз жените со попреченост и нивните семејства, како и врз проектите на колективната заедница. Има силно емотивно влијание врз жените кои се вклучени во истражувачки проекти поврзани со правата на жените. За прв пат тие заминуваат од своите куќи и одеднаш, поради пандемијата, мораат да се вратат и да бидат потворно дома. Но, животот дома станува потежок, бидејќи луѓето за време на пандемијата губат работни места и извори на приход, што исто така го намалува пристапот до здравствена заштита и други основни услуги. Сепак, пандемијата му даде поголема видливост на Мујерес Кон Капацидад де Соњар, поради можноста да се учествува во различни виртуелни простори, учејќи за другите, правејќи врски и споделувајќи работни искуства и научени лекции. Воедно, се креираат и различни видови на содржина/и за да се комуницираат проблемите и да се бара остварување на правата преку различни медиуми, односно во форма на документарци, подкасти и стрипови.

## Што инспирира да се извршува работата?

Од 2018 година наваму, колективот почнува да расте и се зголемува членството на жени со попреченост започнато од група со петмина пријатели, а сега брои над 36 жени вклучени во различни проектни активности. Искуството на секоја жена е уникатно, а преку заедничката работа се креираат реалности кои што се поинклузивни и каде сите се чувствуваат поудобно и попријатно. На почетокот некои се нервозни кога го презентираат колективот пред врсници, а сега зборуваат на меѓународни веб-работилници за работата што ја работат. Всушност, жените со кои се работи се мотивирани да научат повеќе за своите права и да учествуваат во организирање активности за повеќе жени со попреченост. Некои од нив кои учествуваат во проектни активности за вонредни ситуации како COVID-19 или за семејни градини, активно бараат свои врски со други локални организации за поддршка на целата група со, на пример, семе за семејните градини.
Една приказна која најмногу се истакнува е онаа за Флори, која воопшто немала излезено од дома пред да се сретне со колективот. Сепак, таа учествува во колективот и го претставува на национални и меѓународни простори, мотивирајќи повеќе жени со попреченост да се вклучат во запознавање и одбрана на сопствените права и споделување на искуства и мислења во различни простори. Преку нејзиното активно учество, Флори успева да стекне можности за обука и работа, како што е креирање и управување со блогот за правата на инвалидизираните лица. Таа е претстојна лидерка во движењето за попреченост и родови права во Гватемала, со неверојатен потенцијал да ја промени реалноста на безброј жени со попреченост во земјата.

## Која е улогата на уметноста во поддршка на жените со попреченост?

Додека работата со секоја жена е лична и индивидуализирана, уметноста е начин преку кој секоја жена може да ја покаже својата реалност, чувства и мислења. Жените кои учествуваат во проектни активности на заедницата танцуваат, пеат и цртаат. Покрај тоа што е многу достапна, уметноста дава можност да се споделат искуства на жените со попреченост во рамките на општеството. Некои жени, пак, ги привлекуват проектните активности преку кои учат за бариерите и насилството што се доживуваат и тие честопати стануваат дел од заедничката борба против тоа зло. Жените со попреченост не треба да бидат изоставени од процесот на донесување одлуки во општеството или заедницата. Потврдено е дека, доколку им се даде шанса, жените со попреченост имаат многу да споделат и да кажат за прашањата што ги засегаат. Првиот чекор е отворен за разговор, за тоа како да се биде вклучен и среќен што си дел од нешто! А, инклузивните општества ќе се создадат само ако сите учествуват во процесот.

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од интернет: гласови на инвалидизираните жени)*



# Уметност инспирирана од кошмарите, страдањето и суровоста во периодот на Големата војна

Вилхелм Хајнрих Ото Дикс ( 2 декември 1891 – 25 јули 1969 година) бил германски сликар и графичар, познат по своите безмилосни и строго реални прикази на германското општество за време на Вајмарската Република и бруталноста на војната. Заедно со Џорџ Грос и Макс Бекман, тој се смета за еден од најважните уметници на „Ноје сахлихкејт“ (нова објективност).
Ото Дикс е роден во Унтермхаус, Германија, сега дел од градот Гера, Тирингија, како најстар син на Франц Дикс, работник во леарница за железо и на Луис, шивачка која пишувала поезија во нејзината младост. Тој бил во допир со уметноста уште од најрана возраст. Часовите што ги поминал во студиото на неговиот братучед, Фриц Аман, кој бил сликар, биле одлучувачки за формирање на амбицијата на младиот Ото да биде уметник. Дополнително охрабрување добил и од својот наставник во основно училиште. Помеѓу 1906 и 1910 година, тој асистирал во ателјето на сликарот Карл Сенф, каде и започнал да ги слика своите први пејзажи. Во 1910 година се запишал на ликовна академија во Дрезден, каде меѓу неговите учители бил и Ричард Гур. Поголемиот дел од раните дела на

На почетокот на дваесеттиот век во Германија, или поточно за време на Вајмарската Република, се јавува една нова генерација на сликари кои во сликарството воведуваат нови авангардни погледи на ликовното изразување . За жал, безмалку цела таа генерација завршува во рововите низ Европа во Големата војна. Голем дел од нив остануваат засекогаш во рововите, а оние кои имале среќа да се вратат успеваат на најдраматичен и најтраорен начин да ја раскажат таа несреќна приказна. Еден од најбруталните раскажувачи и критичари е Ото Дикс

Дикс биле концентрирани на пејзажи и портрети направени во стилизиран реализам, кој подоцна се префрли на експресионизам.
Кога започнала Првата светска војна, Дикс се јавува како доброволец во германската армија. Служи како артилерец во Дрезден. Есента 1915 година бил назначен за подофицер на единицата за митралези на Западниот фронт и учествувал во битката кај Сом. Во ноември 1917 година, неговата единица е пренесена на Источниот фронт до крајот на борбите со Русија, а во февруари 1918 година бил стациониран во Фландрија. На Западниот фронт тој учествувал и во германската пролетна офанзива. За заслуги има добиено одликување Железен крст (втора класа) и достигна ранг на „визефелдвебел“ (vizefeldwebel). Во август истата година тој е ранет во вратот, а поради недостаток на пилоти во тој интензивен период на воздушни битки, краток временски период поминува и на часови за обука на пилоти. Ото Дикс бил ослободен од служба на 22 декември 1918 година .
Дикс бил длабоко погоден од глеткитe на војната, а подоцна го опишал својот кошмар што се повторувал, каде тој лолзи низ уништени куќи. Тој ги има претставено своите трауматски искуства во многу последователни дела, вклучително и едно портфолио од педесетина гравирања, наречено „Der Krieg“, објавено во 1924 година. Последователно, тој повторно се осврна на војната во „Војниот триптих“,

насликан од 1929 до 1932 година. Триптихот „Дер криг“ (или Воен триптих) од Ото Дикс претставува персонификација на личните искуства на уметникот добиени за време на Првата светска војна. Сликата е изработена во стилот на стар мајстор и прикажува четири фази од војната и нејзините последици. Левиот панел ги отсликува војниците кои одат кон битката. Централниот панел го покажува бојното поле како место на смртта, додека последните два панела прикажуваат војници кои се враќаат од војната и оние кои немаа среќа да се вратат од неа.
Кон крајот на 1918 година, Дикс се вратил во Гера, но следната година се преселил во Дрезден каде што студирал на Хохшуле за Билденде Кунсте. Тој стана основач на групата Дрезденска сецесија во 1919 година, во период кога неговата работа минува низ фаза на експресионизам. Во 1920 година го запознал Џорџ Грос и под влијание на Дада започнал да вметнува елементи на колаж во неговите дела, од кои некои ги изложувал на првиот саем на Дада во Берлин. Таа година учествувал и на изложбата на германски експресионисти во Дармштад. Неговата слика „Ровот“ од 1923 година, на која беа прикажани распарчени и распаднати тела на војници по битката, предизвика таков бес што Музејот „Валраф-Ричарц“ ја сокри сликата зад завесата. Во 1925 година, тогашниот градоначалник на Келн, Конрад Аденауер, го откажува купувањето на сликата и го принудува директорот на музејот да си даде оставка.
Дикс бил учесник на изложбата Ноје Сахлихкејт во Манхајм во 1925 година, на која беа претставени дела на Џорџ Грош, Макс Бекман, Хајнрих Марија Даврингхаузен, Карл Хабух, Рудолф Шлихтер, Георг Шулц и многу други. Делото на Дикс, како и на Грош, неговиот пријател и колега ветеран, биле крајно критички настроени кон современото германско општество. Тој го привлече вниманието кон



потемната страна на животот, прикажувајќи проституција, насилство, старост и смрт.
Во една од неговите неколку изјави, објавена во 1927 година, Дикс изјавил: „Предметот е примарен, а формата е обликувана според објектот“.
Меѓу неговите најпознати слики се „Морнар и девојка“ (1925), искористени како корица на романот „Сабатов театар“ на Филип Рот од 1995 година, триптихот „Метропола“ (1928 година), презирното прикажување на развратните дејствија на германската Република Вајмар, каде безживотната забава беше начин да се се справи со воениот пораз и финансиската катастрофа, и зачудувачкиот „Портрет на новинарката Силвија фон Харден“ (1926). Преку приказите на воени ветерани без нозе, изобличени ликови во стари униформи наспроти декадентното забавно живеење од тоа време кое во суштина преставува честа слика на улиците на Берлин, Ото прави еден суров и максималистичко реален приказ на заборавениот статус на цела таа генерација Германци од страна на германското општество, концепт што го среќаваме и во „На западот ништо ново“ од писателот Ерих Марија Ремарк.
Со доаѓањето на нацистите на власт во Германија, Ото Дикс го прогласуваат за дегенериран уметник и го отпуштиле од функцијата професор по уметност на Академијата во Дрезден. Подоцна се преселил покрај езерото Констанца на југозапад од Германија. Сликите на Дикс, „Ровот“ и „Воените осакатувања“ беа изложени на изложбата на дегенерирана уметност во Минхен во 1937 година, „Ентартете кунст“, спонзорирана од државата. Подоцна биле запалени и сликите на воените инвалиди. Долго време се сметаше дека е уништен и „Ровот“, но постојат индиции дека сликата преживеала до 1940 година и не се знае каде се наоѓа подоцна. Можеби била украдена за време на конфузијата на крајот на војната. Наречена е „можеби најпознатата слика во повоена Европа, ремек дело на неискажлив ужас“.
Дикс, како и сите други уметници, бил принуден да се приклучи на Нацистичката партија во Рајховата комора за ликовни уметности (Reichskammer der bildenden Kuenste), поделба на Министерството за култура на Гебелс (Рајкултуркамер). Членството бело задолжително за сите уметници во Рајхот. Дикс морал да вети дека ќе слика само ненавредливи пејзажи. Тој, сепак, насликал повремена алегорична слика што ги критикуваше нацистичките идеали. Неговите слики што се сметаа за „дегенерирани“ биле откриени меѓу 1500 слики што ги криел синот на ограбениот дилер на уметности Хитлер Хилдебранд Гурлит во 2012 година.
Во 1939 година бил уапсен под обвинение дека е вмешан во заговор против Хитлер, но подоцна бил ослободен.
За време на Втората светска војна Дикс бил регрутиран во Фолксстарм. Тој е заробен од француските трупи на крајот на војната и ослободен во февруари 1946 година.
Дикс на крајот се враќа во Дрезден и остана таму сè до 1966 година.
По војната, повеќето од неговите слики биле религиозни алегории или прикажувања на повоените страдања, вклучувајќи го и неговото хомо со Есе во 1948 година, со личност зад бодликавите жици. Во овој период Дикс се здобива со признанија и во двата дела на тогаш поделената Германија. Во 1959 година тој е одликуван со Крст на големи заслуги на Сојузна Република Германија (Грошес вердиенсткреуз), а во 1950 година, тој неуспешно е номиниран за Национална награда на ГДР. Тој ја добил и наградата „Лихтварк“ во Хамбург и уметничката награда „Мартин Андерсен Нексо“ во Дрезден, за да го одбележи својот 75. роденден во 1967 година. Дикс е прогласен за почесен граѓанин на Гера. Исто така, во 1967 година ја добил наградата „Ханс Тома“ и во 1968 година, наградата „Рембрант“ на фондацијата „Гете“ во Салцбург.
Дикс починал на 25 јули 1969 година во Синген на Хохентвиел. Погребан е во Хеменхофен на езерото Констанца.
Трајче Чатмов





# Најчудни занимања во човековата историја Смисли професија и заработувај

Сите човекови животни професии од искона до денес, без оглед на поднебје, раса и степен на цивилизираност, се исти или слични, меѓутоа, постојат и многу за кои не сте слушнале а навистина се необични и биле добро платени. Најчудни од нив, измислени во Англија, секако се чукачи на пенџери и мијачи на задници.

Според Меѓународната организација за работа (ИЛО), со седиште во Женева, поради пандемијата на корона вирусот, во светот, до крајот на 2021 година без работа ќе останат 25 милиони луѓе. Прогнозата се темели на податоци добиени од сите краишта на светот, а според нив, само во Европа, минатата година без работа останале близу седум милиони луѓе. Се разбира, и порано, заради климатски промени, војни, пандемији и економски кризи, светот се соочувал со невработенсост и отпуштање од работа на стотици илјади вработени. Токму во таквите планетарни невремиња, но и во средини со најголеми благодети, биле измислувани навистина чудни но и добро платени професии.

## Лапни ми ги гревовите

Ако е познато дека сите патишта водат во Рим, не е далеку од вистината  дека токму од престолнината на Римската Империја потекнуваат многи несекојдневни па и необични занимања. Најславниот изум на Римјаните секако се борбите на гладијаторите, но во нивна сенка останала многуте навистина будалести професии. Меѓу нив секако се организатор на оргии и бркач на муви, постојани професии во палатата и летните одмаралишта на императорите Нерон и Калигула. Ако за второто





занимање не била потребна никаква заверена квалификација, за првата, мајсторот за оргии требал да поседува безброј вештини, да биде, млад, убав и богат, бидејќи само таков можел да привлече млади и убави жени и момчиња, достојни за ноќните забави на налудничавите императори, какви инаку биле Нерон и Калигула. Сепак, во Рим е измислена и една професија која не е забележана ниту во една друга цивилизација и империја. Станува збор за јадач на гревови, професионалец, подготвен на секому да му помогне на оној свет да замини со чиста душа и директно во рајот. Историчарите сè уште не утврдиле кога во Рим се појавиле лапачи на греовите, меѓутоа, според фактите, гревот е едно од обележјата на христијанството и корените на спомнатата професија треба да се бараат токму по устоличувањето на првиот римски папа по Свети Петар. Првиот јадач на гревови мора да бил некој генијален мајтапчија, бидејќи штом прифатил да се оптоварува со сечии мали и големи греови, однапред знаел дека заради нечија глупост може добро да се живее. Имено, јадачот имал листа на барања кои морале да се исполнат пред тој да ја изврши својата работа. Семејството на покојникот морало да приготви јадење што тој го нарачал, да наполни пехар со најдоброто вино и сето тоа да го стави на маса поставена над градите на покојникот. Наводно, така гревовите влегувале во храната и во виното и покојникот бил ослободен од секакава вина, спечалена додека бил жив. И, така, откако добро ќе се најадел, јадачот на греови дома си заминувал со еден или со повеќе златници, во зависност од општествениот статус на покојникот.



## Крадачи на тазе закопаните

Велика Британија, „империјата во која сонцето никогаш не заоѓа“, е колевка на многуте корисни изуми во сите сфери на човековото живеење, но и лулка на апсурдни пронајдоци и професии. Една од, веројатно најморбидните е секако професијата набавувач на свежи лешеви. Оваа професија започнала во некогашниот Единбург, во време кога се појавиле први патолози, доктори кои се занимавале со изучување на анатомскиот склоп на човековиот организам. Бидејќи немале друг начин да истражуваат за внатрешните органи, освен на човечкото тело, тие пронаоѓале луѓе кои биле подготвени да ги вадат телата на умрените истата ноќ по нивниот закоп. Крадците за таа работа биле добро наградувани, а докторите добивале можност да го усовршуваат својот медицински занает. И едните и другите тоа го правеле без грижа на совеста, сè додека во 1827 година во В. Британија не е донесен закон според кој крадењето на мртовците било строго сакционирано. За жал, трговија со лешеви и човечките органи повторно ќе ја доживее својата ренесанса во последната деценија од 20 век и, како и пре двесте години, под изговор дека станува збор за добро на човештвото. Во Англија, во 18 век била имислена една од најчудните професии во човечката историја – тропач на врати и џамови. Првиот тропач се појавил во Манчестер, тогашната престолнина на европската индустрија. Тој имал задача секое сабајле да оди низ улиците на Манчестер и со долг стап да тропа по врати и прозорци на куќите и становите во кој живееле работниците. Тоа било нужно, бидејќи поради шеснаестчасовната и тешка работа, работниците доцнеле на работните места, во рудниците и индустриските погони. За тоа да не се случува, првите капиталисти вработувале тропачи, коишто инаку биле добро платени, бидејќи на своето работно место не смееле да задоцнат.

Мијач на задници е исто така измислица на Англичаните. Имено, богатите поданици на британското кралство можеле да си дозволат секаков луксуз, па и да вработат човек кој ќе им го мие задникот. А дека не е во прашање шега ниту измислица, постојат веродостојни податоци за таа професија на британскиот кралски двор. Запишано е дека мијачот на задникот на кралот Хенри Осми бил избран на конкурс, а право да конкурираат имале само млади благородници, синови на пријателите на најконтроверзниот крал

во британската историја. Избраниот среќник бил меѓу најмоќните кралски службеници и наместо да се срами поради она што го работел, тој јавно се фалел дека токму тој е оној што му го мие задникот на кралот.

## Јади ќотек наместо принцот

Големиот Фјодор Михајлович Достоевски имал валидни аргументи за да напише дека „ѓаволот доаѓа од Англија“. Можеби знаел и за професијата примач на ќотек, која била посебно актуелна во Англија кога Русинот го пишувал романот „Злосторство и казна“. Станува збор за навистина бизарна и мизерна појава, измислена од некој од воспитувачите на децата во кралската фамилија. Бидејќи



тие оделе во најелитни училишта и факултети, инаку познати по ригорозна дисциплина и големи казни за кршење на истата, најдено е чарето со казнување на „ доброволец“. Принцовите и принцезите можеле да прават секакви бели, меѓутоа кој смеел да помисли а камоли да им удри ќотек. За примање на казна наместо принцот бељаџија, газот го подметнувал некој негов врсник и другар, запишан на училиштето токму за таа работа. А, за да биде сто тоа на висина на кралското достоинство, ќотекот не можел да го јаде „обичен“ ученик, туку и тој морал да биде од редовите на благородниците или во најмала рака во некаков пријателски однос со кралското семејство. За сè да биде според британскиот фер-плеј, „примачот на ќотек“, односно неговото семејство, било богато наградувано со титули, позиции во општеството, со пари или со мали и големи имоти со целосна послуга.

## Грејачи на кревети

„Ало, Џони, во 10 и 25 часот влези во собата 317 и ‘бапни’ се во креветот“. Отприлика вака гласи завршниот чин на една од важните услуги за гостите кои престојуваат во лондонскиот хотел „Холидеј ин Кенсигтон“. Гостинот е должен да каже во кое време од денот или ноќта треба да го дочека загреаната постела, како би легнал некоја минута по заминувањето на грејачот на креветот. А тој, во случајов Џони, мора да има лекарско уверение дека не болува од ниедна болест, а пред одењето во постелата треба да се искапи и да се намириса со одреден дезодоранс. Доколку се случи гостинот да не може да заспие, го крева телефонот и бара во собата да дојде читач. Читачот имал задача на клиентот да му чита некое четиво, бајка на пример, со која лесно се успиваат децата. Незгода е што читањето, понекогаш, може да се одолжи толку што понекогаш заспивал читачот. Се разбира, читачот вработен во хотелот морало да биде образован, убаво да изгледа и да има пријатен глас, бидејќи гостинот може да побара, наместо да му се чита, да прави муабет. По углед на Англичаните, и сопствениците на хотелите ширум светот, смислуваат разни пикантерии со цел да го задоволат гостинот, но и да спечалат паричка повеќе. Во хотелот „Вестерн“ во Сан Франциско се вработени повеќе дами задолжени за гланцање на ситни пари и жетони за гостинките кои носат бели ракавици да не ги извалкаат. Шетач на гуски, вработен во хотелот „Пибади“ во Мемфис, Тенеси, е веројатно најчудна професија во хотелиерската индустрија. Имено, во спомнатиов угостителски објект било традиција секојдневно пред хотелот, по распослан црвен тепих, терачот на гуски да прошета дваесетина гуски. Тој интересен ритуал редовно се одвива пред сите заинтересирани гости кои престојуваат во него, бидејќи ако на домашните и на пријателите не им покажат фотографија со гуските на црвен тепих, како и воопшто да не биле во хотелот.

## Пробувачи на сè и сешто

Во недостиг на вистински новински репортери, истражувачи и „ловџии“ на интересни приказни, весниците и порталите ширум светот, за темите од типот „верувале или не“, преобјавуваат рубрики со идентичен наслов. Во таквите спаѓа и рубриката „чудни професии“ во кои редовно читаме за пробувачи на чоколадо, сладолед, пиво, егзотични јадења и пијалоци. Такви занимања навистина постојат, но тие се повеќе имиџ на прехранбени индустрии, отколку неопходност во производниот процес. Во ова група спаѓаат и мајстори за мириси на сè, па и на човечката пот, чувари на приватни плажи, стриптизери, шетачи на кучиња... Интересно е што сите тие „дегустаторски“ и услужни професии се добро платени, а во последно време постојат специјални училишта во кои се учи за професионално чување домашни миленици или справување со лего коцки. Станува збор за измислување на професии со цел привлекување клиенти по секоја цена. На пример, за да се стане вардач на кучиња во Њујорк или во Париз, кучкарот мора да поседува диплома, со која на клиентите им гарантира дека се разбира во сè што е поврзано со кучињата, од типови и раси до нивниот карактер и дресура. Згора на сето ова, дипломата за која било чудна професија мора да биде издадена од специјализирана образовна институција, па така имаме професори за кучкари и смислување рекламни пораки.

## Шминкер на мртовци

Со одењето на цивилизацијата напред, во опасно и непознато, низ светот се раѓаат навистина чудни професии, занимања од кои некои се каприц на богатите а други потреба на „новите времиња“. Во првите спаѓаат шминкери на мртовци и братучетка за два часа. Модата на разубавување на мртовецот, како впрочем и сето она што е апсурдно доаѓало од Америка. Први професионални шминкери на мртовци се појавуваат во триесеттите години од 20 век во САД. Богатите семејства барале и наоѓале поединци



кои биле подготвени умрениот во фамилијата да го нашминкат на оној свет да замине поубав отколку што е во мигот на умирањето. Интересно е да се спомене дека десетина години познатата актерка Вупи Голдберг, заработувала за живот работејќи како шминкерка на мртовци. Таа професија е стара колку и човештвото, и ако во средниот век била дел од ритуал при закопот на владетели и видни личности, во наше време таа работа е помодарство, задолжително во светот на богатите. Во такви модни занимања спаѓаат платени девери и таканаречени деверуши. Тоа се убави девојки, вработени во специјализирани агенции кои можат да се изнајмат за да глумат роднина, придружничка на невестата. Професијата е добро платена и денес е присутна и на нашиве простори. Во Америка, на пример, за два часа глумење нечија братучетка се заработува и до 2000 долари, а во Белград само 100 евра. Во групата на необични но неопходни професии, водечко место имаат цицачи на змискиот отров. Нивната појава за првпат е забележана на Далечниот Исток, но со време се проширува низ целиот свет, а посебно е присутна во земјите во кои живеат најотровни змии. Со оглед дека змискиот отров служи за медицински цели, за изработка на вакцини и други лекови, еден грам змиски отров чини 1000 долари.

## Ќе жалиме ако платиш

Ние Балканците не сме за фрлање кога е во прашање темата необични професии. Една од највпечатливите секако е професијата професионална „редуша“ или „нарицаљка“, жена или повеќе жени, платени да лелекаат на гробот на покојникот. Таканаречените нарикачи се присутни во погребната традиција на сите славјански народи, меѓутоа во Далмација и во Шумадија таа професија е подигната на степен на уметност. Професионалните редуши се главно се повозрасни жени, способни да одглумат особа која тажи на чиј било гроб. За да бидат уверливи во жалењето на непознат покојник, нарикачите се подготвуваат по неколку часови, а за тоа време ги добиваат сите податоци за животот и делото на покојникот. Лелекањето на гробот може да трае и дваесетина минути, а успешноста на нарикачата се мери според бројот на оние кои се расплакуваат слушајќи го платеното лелекање.
Копирајќи го тој балкански обичај, на Запад се измислени професиоитенални тажачи, мажи и жени, добро платени да одглумат членови на семејството на покојникот кои се во жалост. Најдобрите, освен што мораат добро да одглумат тага, должни се вистински да ронат солзи, така што присутните на погребот треба да бидат уверени дека покојникот бил посебна личност, човек по кој вистински патат неговите најблиски.  Ако е лесно да се одглуми тага,  тешко е да се плаче на гробот на непозната личност. Токму заради тоа, измислени се специјални спрејови за предизвикување на солзи, што инаку се користат во филмската индустрија. Во Велика Британија постои агнција под името „Рент а моумер“ во која се вработени професионални тажачи, кои за два часа глумење наплаќаат по 70 долари.

Миле Раденковиќ

### Плати да те дружам

Моримото Шои, пандемиската изолација ја искористил да смисли начин како да заработува за живејачка. Имено, овој 37-годишен Јапонец дошол на идеја да даде оглас во кој се нуди за придружник на секој на којшто таков му е потребен. „Бидејќи знаев дека секаде во светот, па и  во Јапонија, постојат луѓе на кои им недостасува некој кој ќе им прави друштво кога тоа ќе посакаат, па решив на таквите да им се понудам самиот“. И, убаво направил, бидејќи за неполн месец му се јавиле 3000 клиенти, барајќи да ги придружува додека шетаат, возат велосипед, играат карти, одат на вечера или едноставно барат некој којшто ќе ги слуша додека раскажуваат за некоја своја мака или успех. Моримото изјавил дека е задоволен со измислениот бизнис и дека само еднаш бил во ситуација кога помислил да одбие едно барање. Имено, некој човек од него барал да му прави друштво додека лежи во психијатриска болница. Но, вистинскиот професионалац не одбива да покаже што е професионалност, па така, Моримото еден месец седел и во лудница.

### Гушкање за пари

Општата бркотница по пари и слава, битката за голо преживување, соочување со секакви кризи секаде во светот, содава општо, но и фамилијарно отуѓување. Доволно е да ги видите статистичките податоци за бројот на домови за стари и изнемоштени лица, па да сфатите дека чудната професија гушкач и не е чудна. Во најмалку педесетина земји во светот постојат агенции за изнајмување на лица што за пари ќе ве гушнат и ќе ве помилуваат. Доволно е да се јавите на огласениот број и да побарате машка или женска особа, стара или млада, да дојде каде што ќе посакате и да ве гушне и помилува. Во зависност од времетраењето на гушкањето и милувањето, за ова ќе платите 100 или повеќе евра. За да нема измама, парите се уплаќаат на назначената сметка на агенцијата која ви го испраќа гушкачот.




# „Отпор“

Марсел Марсо е познат како „мајстор на тишината“, „немиот господар на сцената“, но не сите кои го знаат неговото име знаат дека францускиот актер, всушност, е херој во Втората светска војна, одликуван со „Медал на честа“. Познатиот француски пантомимичар со еврејско потекло спасил преку 70 еврејски сирачиња, пренесувајќи ги преку француско-швајцарската граница во суровите услови на снежните Алпи. Филмот „Отпор“ го раскажува патот на Марсо од егоцентричен актер со големи соништа за кариерата на почетокот на војната, до пожртвуван херој кој се впуштил во низа ризици за благородна цел, да ги заштити децата. Приказната за Марсо, ја започнува ни помалку, ни повеќе, генералот Патон (Ед Харис) кој на неговите трупи им кажува за еден голем херој меѓу цивилите, со исклучителна храброст, човек со приказна која треба да биде инспирација за војниците кои стојат пред него.

## Од егоцентрични соништа до возвишена цел

Младиот Марсел во неговите рани 30-ти години имал бунтовен дух растргнат помеѓу семејната традиција да биде месар и да го продолжи касапскиот бизнис и внатрешниот порив да биде актер и да стапне на големата сцена. Неговиот татко строго и дрско се противи на желбите и афинитетите на неговиот син кон уметноста. Но, аспирациите на младото момче се премногу силни за да ги напушти. Марсел е забавен, насмеан, енергичен, честопати и саркастичен лик, фокусиран на себе и неговите желби, сè додека не се заинтересира за бунтовната врсничка Ема. Со цел да допре до неа и да покаже дека не е самобендисан како што сите го перципираат, тој една вечер оди да ја придружува при примањето на стотина еврејски сираци спасени од Германија, чии родители биле убиени од Гестапо. Средбата со тие деца е моментот на освестување на Марсел за реалноста околу него. Овие деца кои ја посведочиле смртта на нивните родители доаѓаат сами, со трауми, страв и недоверба кон други луѓе. Младиот Марсел има начин како да допре до нив и многу полесно од другите луѓе, преку тоа што најдобро го умее - пантомимата и играта, желбата да насмее некој друг. Брзо станува миленик на децата. Марсел е смеата, краток заборав на траумите и ужасот, заборав на она кои се и што се, на мислата дека огромна, темна и моќна сила разгорува омраза кон нив и им се заканува. За само неколку дена германските војски стигнуваат блиску до границата со Франција и неизбежно, Франција објавува наредба да се евакуираат сите погранични градови,









вклучувајќи го и Стразбур, каде живеат Марсо, Ема и малите штитеници. Но, каде и како да се скријат преку 100 деца? Мала група предводена од Ема, Марсел, сестрата на Ема и братот на Марсел, одлучуваат да ги пренесат во Лион и да ги сместат во цркви и домови, на југот, но нацистичките сили со еден замав ја окупираат цела Франција. Нема безбедно место за криење. Криењето на децата станува секој ден сѐ потешко, а пантомимата повеќе не е начин за забава, туку инструмент за да се спасат животи. Марсел не глуми повеќе за да ги насмее децата, туку за да ги научи да бидат тивки и да не се издадат пред нацистите.

## Клаус Барби, олицетворение на безмилосност

„Отпор“ раскажува веќе многупати филмувани факти за теророт, надежта и желбата да се преживее, за патешествијата на еврејскиот народ. Во филмот се испреплетуваат многу механизми за да се преживее - фалсификувана документација, глума, диверзии, бегства и криење. Но, филмот, исто така зборува и за ѕверски настани и вперува прст кон предавниците кои биле подготвени да ги предадат своите сограѓани за парична награда, а многумина и за да го спасат својот живот, бидејќи предавството значело и добивање на значка која гарантира безбедност. Овој чин на предавство и самите нацисти не можеле да го разберат, иако бил во нивна корист. Но, далеку пострашно од предавствата е постоењето на Клаус Барби, познат како „касапот од Лион“, човекот одговорен за тешки ѕверски чинови на југот од Франција и прв човек на Гестапо за регионот. Клаус Барби е грозоморен лик, затоа што за него мачењето на Евреите за информација и изживувањето врз човечки суштества не е задача, туку забава и возбуда. За брзи егзекуции, Клаус Барби го користи празниот пливачки базен во познат хотел во Лион, каде што и лесно може да се исперe крвта, но за него поинтересен е бавниот начин на мачење кој ќе го искуси сестрата на Ема, на која Клаус ќе ѝ ја отстрани кожата додека е жива, само за да предизвика поголема болка и ужаснување, но и за да има сведок на неговата безмилосност и злосторства. Иако ќе ја поштеди Ема од смрт, таа сама ќе се обиде да си го одземе животот, но, Марсел ќе ја спаси и ќе ѝ укаже колку е потребна за



децата кои чекаат на нивната помош. Во целосно окупираната Франција нема многу опции за скриените деца. Нивните факсифицувани идентификации направени од уметникот Марсо секој момент може да бидат откриени. Тие не може само да седат и да чекаат да бидат најдени и депортирани. Тогаш Марсо доаѓа до идеја да се обидат да ги пренесат децата преку суровите Алпи и да ги внесат во Швајцарија која е неутрална и каде има надеж за нив. Но, како да се патува со куп деца и да се остане незабележан? Предизвикот е тежок и опасен, но во отсуство на можности, не смее веќе да се чека и невозможното е единствената опција.

## Херојот пантомимичар

Филмот ја прикажува трансформацијата на Марсел Марсо од детинест, несериозен и себичен актер во важна фигура на францускиот отпор. Дури и идејата да се приклучат на отпорот, иако опасна, доаѓа токму од него. Иако хуморот на Марсо во филмот потсетува многу на тоналитетот на оскаровецот „Животот е убав“ на Роберто Бенињи или минатогодишниот „Зајакот Џоџо“, овој филм е многу различен од двата блокбастери.

Приказната на Марсел кој ги учи децата како да се кријат по дрвјата и да бидат непрепознатливи, е само еден од иновативните начини на кои се пренесувале невини деца за да го избегнат холокаустот. На пример, Жорж Лоингер кој бил роднина на Марсо, ги учел децата да пребегуваат преку игра, фрлајќи им топка кон швајцарската граница и учејќи ги да трчаат кон неа најбрзо што можат, а кога ќе ја стигнат, да продолжат да трчаат и понатаму, без да застануваат. Децата не разбираат како возрасните, со нив се комуницира преку игра, но некоја игра е премногу опасна и во неа може и да се умре. Некои од нив се премногу мали да ја сфатат заканата и сериозноста на ситуацијата и изнаоѓањето на начини преку игра да ги следат насоките и да се послушни, па дури и да лажат кога треба, е нешто што е спротивно на чистите детски души и навистина тоа е тешко и опасно. Токму тука е и предизвикот и вредноста на приказната. Како еден од минатогодишните воени филмови излезени од филмската индустрија на Холивуд, филмот предизвика различни реакции на критичката сцена. Некои уживаат во „мешавината на состојките“, а други, пак, „Отпор“ го оцениле како „изгорен оброк“.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Jonathan Jakubowicz

**Улоги:** Jesse Eisenberg, Clémence Poésy, Matthias Schweighöfer, Félix Moati, Bella Ramsey, Ed Harris

**Сценарио:** Jonathan Jakubowicz

**Монтажа:** Alexander Berner

**Кинематографија:** M.I. Littin-Menz

**Музика:** Angelo Milli

**Времетраење:** 120 минути

**Земја:** САД

**Година:** 2020



# Скопската тврдина Кале – најстратешката позиција во

Скопската тврдина Кале се наоѓа на истоимениот рид во самиот центар на Скопје, на левиот брег на реката Вардар и делумно во западниот дел на чаршијата. Калето со векови ја држи најстратешката позиција во Скопската Котлина.

Градската порта и бедемите се изградени од обработен камен што свети како да е полиран. Толкава префинетост и уметност во обработката не може да се види ниту во еден друг град. Градот лежи во средината на Скопје, кој е заштитен со седумдесет бастиони и три демир порти на југоисточната страна, а во предворјето се наоѓаат многу стражари. Вратата и ѕидовите на тоа предворје се накитени со разно оружје и со алат потребен за оружјето.

Според досегашните сознанија, просторот на кој се наоѓа денешната тврдина бил населен уште во времето на праисторијата, т.е. некаде околу IV до III милениум пр.н.е.. Калето повторно било населено некаде околу VII до VI век пр.н.е..

Следната фаза во историскиот развој е околу V до VI век, кога околу населбата бил подигнат нов ѕид. Куќите од овој период имале четириаголен облик и биле градени од дрвени греди. Она што денеска можеме да го видиме е изградено во византиско време (VI век), со камени ѕидови во должина од 121 метар. За градењето на ѕидините бил користен материјал од жолтеникав варовник или травертин, а трите фрагменти со латински натписи кои се забележуваат во градбата на тврдината, упатува на претпоставката дека материјалот потекнува од римскиот град Скупи, што бил целосно разурнат по силниот и катастрофален земјотрес во 518 година. Постои интересно совпаѓање во однос на изградбата на Калето и владеењето на Јустинијан, па оттаму и неминовната присутност на тврдината и градот Скопје во мистеријата каде се наоѓал градот Јустинијана Прима.

Скопското Кале беше погодено и оштетено во земјотресот од 1963 година, по што беше подзаборавено, а значајни реконструкции и археолошки ископување започнаа да се извршуваат во последните петнаесетина години.

Тврдината Кале, слично како и Камениот мост, се смета за еден од симболите на градот Скопје и е прикажано како составен елемент на грбот на градот. Денес е едно од омилените места на жителите на Скопје, но и на туристите кои го посетуваат главниот град. Со својата висока точка, тоа нуди одличен поглед на градот, особено во текот на приквечерината.

Кристина Илиевска



# Скопската Котлина








